МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН - СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА - Р.МАКЕДОНИЈА
СВЕТИ НИКОЛЕ: ул. Маршал Тито 77; 032 440 330; 032 440 202; e-mail: info@slavinst.edu.mk;
БИТОЛА: ул. Новачки Пат бб; 047 238 077; 047 222 503; e-mail: info@slavinst.edu.mk;
www.msu.edu.mk

ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

Тема

Поврзаноста на цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за искуства и мотивот за постигнување со училишниот успех

-Магистерски труд-

Ментор:

Проф. Анита Ристеска

Кандидат:

Даниела Грујевска

M183004

Јануари 2021г.

Битола

СОДРЖИНА

ВОВЕД _____ 4

ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ_____6

ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ_____6

ТИПИЧЕН ЕКСТРОВЕРТ_____8

ТИПИЧЕН ИНТРОВЕРТ_____10

НЕВРОТИЦИЗАМ _____13

СОВЕСНОСТ_____ 14

СОГЛАСНОСТ_____15

ОТВОРЕНОСТ ЗА ИСКУСТВА_____16

МОТИВАЦИЈА_____17

МОТИВ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ_____ 18

УЧИЛИШЕН УСПЕХ_____ 22

АДОЛЕСЦЕНЦИЈА_____29

РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА_____32

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО_____ 40

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ_____ 40

ИСПИТАНИЦИ_____ 40

МЕРНИ ИНСТРУМЕНТИ_____ 41

ПОСТАПКА_____41

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО_____ 41

ЦЕЛ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО_____42

ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО_____ 42

ХИПОТЕЗИ_____43

ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО_____44

МЕТОДОЛОШКИ ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 50

ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК 52

СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ 53

ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 53

РЕЗУЛТАТИ 54

ДИСКУСИЈА 66

ЛИТЕРАТУРА 89

ПРИЛОЗИ 92

АПСТРАКТ

Целта на истражувањето презентирано во овој труд е да се испита како и кои психолошки карактеристики на учениците се поврзани со училишниот успех, т.е. колкаво е релативното учество на цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за искуства и мотивот за постигнување во предвидувањето на училишниот успех. Истражувањето беше спроведено во четири средни уилишта (гимназиски и стручни) на 121 ученик. Цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност и отвореност за соработка се мерени со помош на Нео Пи Ер инвентарот на личност, додека мотивот за постигнување со тестот МОП. Опфатени се повеќе варијабли заради поголема веродостојност на резултатите. Резултатите покажуваат дека не постои поврзаност на цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласнот, отвореност за соработка и мотивот за постигнување со училишниот успех. Добиените резултати се разгледувани и дискутирани во релација со други релевантни истражувања, со надеж дека ќе најдат практична примена во наставата и подигањето на способна, едуцирана и здрава младина врз која се темели секое општество, па и нашето.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за соработка, општ мотив за постигнување, депресија, училишен успех.

ABSTRACT

The purpose of the research presented in this paper is to examine how and which psychological characteristics of students are related to school success, ie. what is the relative participation of personality traits in extroversion, neuroticism, conscientiousness, consent, openness to experiences and the motive for achievement in predicting school success. The research was conducted in four secondary schools (high school and vocational) of 121 students. Personality traits of extroversion, neuroticism, conscientiousness, consent and openness to cooperation are measured with the help of the person's Neo PR inventory, while the motive for achieving the MOP test. More variables are included for greater reliability of results. The results show that there is no connection between personality traits of extroversion, neuroticism, conscientiousness, consent, openness to cooperation and motivation to achieve school success. The obtained results

are reviewed and discussed in relation to other relevant research, with the hope that they will find practical application in teaching and raising capable, educated and healthy youth on which every society is based, including ours.

KEY WORDS: extroversion, neuroticism, conscientiousness, consent, openness to cooperation, general motive for achievement, depression, school success.

ВОВЕД

Во овај магистерски труд се образложува оправданоста за спроведување на емпириско истражување со наслов ,, Поврзаноста на цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за искуства и мотивот за постигнување со училишниот успех,,. При изработката на магистерската работа посветено е посебно внимание на цртите на личност-екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за искуства и мотивот за постигнување како фактори кои влијаат или не влијаат на постигнатиот училишен успех.

Интересот за спроведување на ова истражување произлезе од моето претходно искуство како училишен психолог во едно општинско училиште, каде секојдневно се среќавав со учениците и нивните личносни карактеристики, со развојот на нивната личност и потребите и проблемите на наставниот кадар да поттикнува и постигнува резултати како во развојот на личноста на учениците така и во совладувањата на наставните единици и постигнувњата во училишниот успех.

Поради наведените причини, сметам дека резултатите од конкретното истражување би биле корисни и применливи во пракса во образовниот систем, да им помогне на наставниот кадар и стручните служби да се справуваат со секојдневните проблеми, полесно да поттикнуваат и да постигнуваат подобри резултати и посебно дека ќе биде од особена добробид за учениците за правилно да се мотивираат, насочуваат и развиваат. Исто така и да постигнуваат подобар училишен успех.

Истражувањата во областа на развојната и педагошката психологија најчесто се обидуваат да најдат одговор кои варијабли би влијаеле на успехот по одредени предмети. Нивните сознанија и факти имаат големи импликации понатаму во образовниот систем вклучувајќи ги целите, наставните програми и самата настава во интерес на постигнување подобри резултати и повисок успех.

Голем број на психолози подвлекуваат дека покрај интелигенцијата врз училишниот успех сначајно влијание имаат карактеристиките на личноста. (Luo, Thompson & Detterman, 2003; Wolf, 2004; Rohde & Thompson, 2007; Gottfredson, 2008; Maltby, Day, Macaskill, 2010). Според (Maltby, Day, Macaskill, 2010), екстроверзијата е една од карактеристиките на личноста кои имаат најдинамичен однос со училишниот успех. Друга црта на личноста која претставува колем индикатор на училишниот успех е совесноста, таа секогаш е поврзана со училишниот успех без разлика на начинот со кој се мери (Maltby, Day, Macaskill, 2010).

Во однос на фазите, најпрво беше изработен нацрт-проект на истражувањето со што се дефинира проблемот, се дефинираа варијаблите и хипотезите, се разгледа теоријата и релевантните емпириски истражувања поврзани со ова истражување. Се поставија целите и задачите, се дефинира методот на истражување и се разгледаа инструментите што ќе се користат. Потоа се одреди популацијата и примерокот на кој ќе се врши истражувањето.

Истражувањето беше спроведено така што соодветните инструменти кои ги мерат варијаблите беа зададени на испитаниците. Добиените резултати статистичк се обработија, од резултатите се изведе заклучок кој е интерпретиран и дискутиран во зависност од теоретските гледишта и релевантните истражувања.

На крај е изработен извештај за спроведеното истрашување.

ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Проблемот на истражувањето гласи: Дали и како се поврзани цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за искуства и мотивот за постигнување со училишниот успех?

Со вака поставениот проблем ќе трагаме по вечната дилема на секој просветен работник кога ќе влезе во одделение каде има најмалку дваесетина различни личности екстроверти-интроверти, мотивирани или помалку мотивирани ,,како сите да ја совладаат соодветната наставна единица и да постигнат што подобар резултат,,.

Голем број на истражувања потврдиле дека покрај интелигенцијата, цртите на личноста имаат многу важна улога во образовните резултати, затоа што токму тие го насочуваат изборот на поединецот, влијаат на степенот на отпор, влијае на одредени навики кои учествуваат во постигнатите резултати и токму тие понатаму имаат одлучувачка улога што ќе постигне поединецот, а не што може да постигне.

Двајца великани во областа на развојната психологија Piaget и Vigotski даваат оригинални толкувања на сознајниот развој на децата и младите. Иако во појдовна основа на своите

размислувања тие се разликуваат и двајцата творат во врска со еден ист проблем, пред се генезата, развојните механизми и фактори на когнитивниот развој. Индивидуалниот ендогенетски, операторен и универзален конструктивизам кој го објаснува развојниот напредок на Piaget-овиот субјект, е спротивен на социјалниот, егзоген, семиотички и контекстуален развој, инхерентен за субјектот на Vigotski.

Според Steruberg (1994), современата психологија не треба да трага првенствено по природата на когницијаат, т.е. по природата на интелектуалните способности, операции и постигнувања, туку треба што појасно да го истражува и објасни односост помеѓу интелигенцијата и личноста.

Во современата наука за основни составки на личноста се сметани цртите, способностите и мотивите.

Најчесто во литературата се зборува за постоење на две многу јасни и многу важни димензии на личноста- екстровертност/интровертност и невротизам или емоционална урамнотеженост/неурамнотеженост. Покасно Ajzenk поставува хипотеза за трета главна димензија, независна од димензиите екстровертност и невротизам. Ја нарекува ,, психотизам,, и очекува дека како што е неврозата патолошки степен на некоја високо изразена особина, овде тоа да биде психоза. Оваа хипотеза се базира врз претпоставките дека психијатриските абнормалности всушност претставуваа само екстремен облик во континиумот на нормалности и дека и неврозата и психозата во суштина се сосема различни и независни димензии.

Ajzenk тргнувајќи од Jung-овата дихотомна типологија на личноста, која познава два основни типови ,, акстроверт ,, и ,, интроверт ,, си поставил за задача да ја одреди структурата на овие два типови. Ajzenk го изменил значењето за типот и наместо за меѓусебно исклучиви категории тој зборува и за преодни форми меѓу нив со што се добива еден критериум на чии караеви се наоѓаат чистите облици на екстроверзија и интроверзија. Тој личноста ја сваќа како ,, целокупност на вистински и можни облици во реагирањето на организмот одреден од наследството и околината, а настанува и се развива во интеракција на четирите главни подрачја: ,,когнитивно,, (интелигенција), ,,конативно,, (карактер), ,,афективно,, (темперамент) и ,,соматско,, (конституција). Ajzenk дава детален

опис на профилите зависно од постигнатите скорови на димензиите екстровертност и невротизам.

Најдетален опис на психолошките типови дава К.Г.Јунг. Тој особено го истакнува ставот спрема објектот. Интровертот се однесува апстрактно спрема објектот и во основа гледа да му го скрати либидото. Екстровертот се однесува спрема објектот позитивно, го потврдува неговото значење во токлава мера што својот субјективен став постојано го ориентира кон објектот. Во основа двата типови на личност се толку многу различни и спротивни што е еочигледно дури и за еден лаик. Не е поврзано со образованието, полот, воспитувањето па од тука произлегува дека оваа спротивност на психолошките типови, како општ психолошки феномен мора да има свои биолошки основи. Врската помеѓу субјектот и објектот, биолошки набљудувана секогаш е однос на прилагодување, затоа што секоја врска помеѓу субјектот и објектот предпоставува фактори на модификациско влијание едниот на другиот.

ТИПИЧЕН ЕКСТРОВЕТ

Типичен екстроверт (со постигнат висок скор на скалата на екстровертност),тој е социјабилен, сака забави, има многу пријатели, му требаат луѓе со кои ќе разговара, не сака многу да чита, ниту да учиако е сам. Тежнее кон возбудувања, во животот ја користи секоја прилика, често непотребно се експонира, делува на основа на моментално чувство и воопшто е доста импулсивна особа. Сака конкретни шеги, секогаш има спремен одговор за се и сака промени, безгрижен е, животот го сваќа лесно, оптимистичен е и сака живот по правилото ,, смеј се и уживај,,. Сака секогаш да биде во движење, секогаш нешто работи, склон е на агресивни реакции и брзо ја губи стрпливоста. Чувствата не ги контролира баш најдобро и воопшто понекогаш е немирна и пргава особа.

Ако некој мисли, дејствува и чувствува т.е. живее онака како што непосредно одговара на објективните околности и нивните барања, тогаш тој е екстроверт. Тој секако има субјективни сваќања, но нивната детерминантна сила е послаба отколку силата на објективните услови. На епиметејски начин неговата внатрешна личност подлежи на надворешните барања, секако не без борба, но крајот секагш завршува во прилог на објективните услови. Опасноста на екстровертот е во тоа што се вовлекува во објектите и

во нив сосема се губи. Функционалните или вистинските телесни пореметувања кои од тоа настануваат имаат компензаторно значење, затоа што тие го приморуваат субјектот на самоограничување. Ако симптомите се функционални тие со својата природа можат симболички да ја изразуваат психолошката ситуација.

Екстровертниот тип тежнее да се предаде на влијанието на објектот и својот субјект да го асимилира во интерес на објектот. Колку е севсниот екстровертен став повеќе потполн, дотолку повеќе е инфантилен и архаичен несвесниот став.

Поради екстровертниот општ став мислењето се ориентира кон објектот и објективните факти. Мислењето од една стран се храни од субјективните несвесни извори а од друга страна од објективните факти добиени со подсредство на перцепцијата, и тие во суштина го одредуваат екстровертното мислење многу повеќе отколку првите. За екстровертниот заклучок полноважно и пресудно мерило е она од објективните прилики сеедно дали е тоа претставено со непосредно објективно, перцептивни факти или објективна идеја. Така да екстровертното мислење не мора нужно да е конкретно мислење, тоа може да биде и чисто идеално мислење.

Како што покажува искуството, психолошките основни функции во една иста единка ретко кога или никогаш немаат иста јачина или ист степен на развиток. Секогаш една надминува некоја друга функцијата како по јачина така и во развој. Ако меѓу психолошките функции доминира мислењето, т.е ако личноста своите животни обврски ги завршува воглавно под раковотство на мислењето и размислувањето, работните дејствија произлегуваат од интелектуално мислените мотиви, тогаш зборуваме за екстровертен мислен тип. Овај тип по дефиниција ќе биде човек кој тежнее да своето целокупно живеење го подреди на интелектуалните заклучоци, кои секогаш се ориентирани кон објективното, објективните факти и општоважечките идеи.

Чувствата кај екстровертниот став се насочени кон објективното, т.е објектот е неминовна детерминанта на чувствата. Тие се во согласност со објективните вредности.

Ако екстровертното чувство има предност пред мислењето, тогаш станува збор за екстровертен чувствен тип, и тоа без исклучок се личности од женски пол.

Кај екстровертниот рационален тип разумноста е објективно ориентирана и зависна од објективното. Нивната разумност одговара на тоа што важи за колективно разумно, разумот е потиснат толку повеќе колку значењето на објектот е поголемо за личноста.

Чувството, осетот, сензititетот е претежно условен од објектот. Како сетилна перцепција чувството е природно зависно од објектот, но тој е исто така природно зависен од субјктот, и од тука постои и едно субјективно чувство кој е потполно различен од објективниот. Кај екстровертниот став субјективното учество на чувството е спречено или потиснато. Исто така чувството како ирационална функција е релативно потиснато ако мислењето има предност.

Екстровертниот сензитивен тип има особено развиен осет за факти, тој во својот живот го темели искуството врз основа на кнкретниот објект и колку е тој поизразен толку помалку се служи со искуството. Овој тип на личност е човек на опипливата стварност, без желба за владеење. Негов основен мотив е да чувствува, да го чувствува објектот, да има сензација и да ужива. Најчесто се тоа луѓе со високо развиено чувство за естетика, луѓе со изграден вкус.

Интуицијата како функција на несвесното кај екстровертниот став се насочува потполно кон надворешните објекти. Бидејќи интуицијата е несвесен процес, нејзината суштина е многу тешко да се свати. Во свеста интуитивната функција заменува извесен став на очекување, гледање и загледување при што од идниот резултат зависи колку во суштина и што навистина се видело на објектот. Интуицијата не е само перцепција, чисто гледање напротив таа е активен процес на создавање кој внесува во објектот онолку колку што изнесува од него. Интуицијата тежнее кон откривање на можности во даденото објективно така да таа како подредена функција и помошно средство кое автоматски делува кога ниедна друга функција не делува помага да се дојде до решение во некоја ситуација. Таа постојано тежнее кон излез и нови можности во надворешниот свет.

Екстровртниот интуитивен тип преовладува интуицијата. Бидејќи интуицијата е насочена кон објектот може да се забележи силна зависност од надворешните ситуации. Интуитивниот тип никогаш не се наоѓа таму каде што се наоѓаат општопознатите вистински вредности, туку онаму каде постојат различни можности. Тој не се наоѓа во стабилни, постоечки и добро засновани односи затоа што тие за него имаат ограничувачка

вредност. Тој се гуши во вакви односи. Ваквиот тип новите патишта и објекти ги сваќа со голем интензитет и извонреден ентузијазам. Мислењето и чувствата карактеристични за уверувањата овде се помалку диференцирани функции и немаат пресудна важност. Моралноста на интуитивниот тип не е ниту интелектуална нитуемоционална, тој има сопствен морал кој се темели на сигурност и доследност на своето сваѓање.

Ирационалниот тип своето однесување и делување не го темели на рационални судови, туку на апсолутаната сила на перцепцијата која се однесува само на она што се случува и што не подлежи на никаков избор или мислење.

ТИПИЧЕН ИНТРОВЕРТ

Типичен интроверт (со низок скор на скалата на екстровертност), тој е тивка личност, тип на осаменик, интроспективен и повеќе ги сака книгите отколку луѓето. Во односост кон луѓето е резервиран, се држи на страна. Планира далеку однапред и не верува во моменталните импулси. Не сака возбудувања, секојдневниот живот го сваќа озбилно и сака среден начин на живот. Чувствата строго ги контролира, ретко агресивно се однесува и не ја губи лесно стрпливоста. Смирен е и некако песимистичен. Многу внимание му посветува на етичките норми.

Овај тип не е ориентиран на објкетот туку и кон субјективнте факти и чинители. Тој во релацијата помеѓу објектот и сопственото дејствување воведува уште еден многу важен за него сегмент а тоа е неговото субјективно сваќање. Интровертната свест ги гледа надворешните услови но ја одбира субјективната детерминанта за пресудна и одлучувачка. Така да овај тип на личност се раководи од перцепцијата и сознанијата кои претставуваат субјективна диспозиција за примање на сетилната дразба. И додека екстровертниот тип претежно се повикува на она што му доаѓа од надвор, од објектот, интровертниот тип претежно се потпира на она што надворешниот впечаток во самиот субјект и води кон констелација. Светот не е онаков каков е сам по себе и туку и онаков каков што се појавувава во мене. Вродениот начин на делување се нарекува инстинкт, а за начинот на достигнување на објектот се користи на зивот архетип. Архетип е симболичка формула онаму каде сеуште нема свесни поими или пак се невозможни. Содржините на колективното несвесно застапени се во свеста како изразити склоности и сваќања,

единката ги сваќа како да се условени од објектот, што е потполно погрешно, затоа што тие произлегуваат од несвесното а само се поттиканати под дејство на објектот. Надмоќната положба на субјективното во свеста значи смалување на вредноста на објективното, и како што во екстровертниот став има голема улога, така во интровертниот став има многу малки што да каже. Интровертното мислење ориентирано е во прв ред на субјективните факти кои се претставени од субјективниот правец кој ги одредува судовите. Мислењето се може да се занимава со конкретни или апстрактни количини, но секогаш се ориентира на субјективното, значи тоа не не води од конкретното искуство повторно назад во објективната реалност, туку кон субјективната содржина. Надворешните факти не се причина ниту цел на интровертното мислење, напротив ова мислење започнува во субјектот и води назад кон субјектот. Ова мислење лесно се губи во безмераната вистина на субјективното, создава теории заради теории со јасна склоност од идеалното да премине на чисто сликовитото.

Интровертниот мислен тип го карактеризираат идеи кои не произлегуваат од од објективното туку имаат субјективна основа. Овај тип оди со своите идеи но не кон надворешноста како екстровертот, туку кон внатрешноста, тој тежнее кон продлабочување а не кон распространување. Оваа негативна врска со објектот, рамнодушност до занемарување и исклучување е основна карактеристика на интровертниот тип. Тој тежнее кон исчезнување и скривање. Овие личности се емотивни и осетливи, надворешните влијанија кој ги одбива, освојуваат од внатре, од страна на несвесното, и почнува својата субјективна вистина да ја заменува со својата личност. На тој начин тој постепено почнува да се затвора и осамува во секој поглед. Неговите првични плодотворни идеи стануваат деструктивни, расте борбата со несвесното и судирот во личноста се продлабочува. Мислењето на интровертниот тип е позитивно и синтетично во однос на развојот на идеите. Тоа слабее со објективното искуство, и е драгоцено само додека е во очигледна и разумна врска со факти.

Интровертната емоционалност е воглавно подложна на субјективните услови и само секундарно се занимава со објектот. Постоењето на позитивни чувства може само индиректно да се насети но јасно не може да се свати. Тоа ги прави луѓето молчеливи, тешко пристапни и се скрива зад негативните емоционални судови или зад упадливата рамнодушност.

Интровертниот емоционален тип (најчесто станува збор за лица од женски пол) најчесто изгледа ладно и резервирано, и ваквиот површен суд лесно го одрекува секое чувство, но тоа е погрешно затоа што чувствата не се екстензивни туку интензивни, тие се развиваат во длабочина. Ако несвесниот субјект се идентификува со JAC, тогаш и таинствената моќ на интензивното чувство се менува во банално и преформсирано самољубие и тиранско приморување. И се додека JAC се чувствува под висината на несвесниот субјект, и чувството достигнува повисоки и помоќни работи отколку JAC зборуваме за нормален интровертен емоционален тип. Несвесното мислење е архаично, но спремно да помеѓу редукциите да компензира со природни барања JAC да се подигне до субјектот. Доколку се дојде до потполно пригушување на редуктивните несвесни мисловни влијанија, тогаш несвеснотот мислење преминува во опозиција и се проектира во објектите. Овој пресврт води во неуроза повеќе хистеричен отколку неуростеничен кај жените често со психосоматски карактеристика на пример сериозни анемии со последици по здравјето.

Вистински рационалниот суд би требало да се повикува на објективниоте но и на субјективните факти и да води сметка и за едните и за другите. Тоа би било само во идеални услови и би претпоставувало идеален рамномерен развиток на екстроверзијата и интроверзијата. Меѓутоа во нормални услови екстоверзијата и интроверзијата се исклучуваат меѓу себе и не можат да бидат едно покрај друго, најмногу што може е да бидат една за друга. Интровертните рационални типови имаат рационален суд кој се темели на субјективните факти.

Осетот, сензитивитетот кај интровертот се формира претежно на субјективното учество во перцепцијата. Чувството првенствено се врзува за субјектот, а многу помалку за објектот.

Димензијата невротизам ја опишува како анксиозна, загрижена особа, која често е со лоша волја и депресивна. Таквата личност лошо спие, а има и други психосоматски тегоби. Претерано е емотивна, интензивно реагира ба сите врст на дразби и многу потешко се смирува после секое доживување во кое емоционално се ангажирала. Силно емотивните реакции на таквата личност интерферираат со соодветно прилагодување на околината и ја присилуваат да реагира ирационално, понекогаш дури и ригидно. Со еден збор тоа е личност која постојано се грижи за нешто. Нејзина главна карактеристика е да се занимава со работи кои по нејзино мислење би можеле лошо да завршат и при тоа доживува

интензивни, емоционално анксиозно обоени реакции. Ваквата личност има висок скор на скалата на невротизам. Спротивно на неа личноста со низок скор на скалата на невротизам е урамнотежена, реагира емоционално поспоро и поблаго, а од секоја состојба на вознемиреност лесно се враќа во основна емоционална состојба. Обично е личност секогаш слично расположена, тивка особа која не се грижи за секоја ситница.

Пет факторскиот модел на личноста во психологијата е модел кој ја дели личноста на пет одлики. Особините на личноста се разбираат како обрасци на однесување, чувство и размислување кои се релативно трајни во текот на животот на поединецот.

Овој модел е развиен во 80-тите и 90-тите години на минатиот век, главно, врз основа на лексичката хипотеза, што сугерираше дека основните одлики на човековата личност, со текот на времето, станале кодирани во јазикот. Според оваа хипотеза, задачата на психологот е да ги открие основните одлики на личноста врз основа на кои се разликуваат луѓето според нивното однесување. Лексичката хипотеза може да се следи во 30-тите години на минатиот век со доаѓањето на анализата на повеќе фактори. Во втората половина на 20 век, психолозите на личноста всушност се потпираа првенствено на анализата на факторите за да откријат и потврдат многу од нивните теории на особини. Голем број психолози на личност заклучија дека моделот со пет фактори претставува најуспешен исход од овие напори.

СОВЕСНОСТ

Совесноста е основна одлика на личноста - една од големата петка - што ја рефлектира склоноста да се биде одговорен, организиран, вреден, насочен кон целта и да се придружува кон нормите и правилата. Како и другите основни фактори на личноста, таа има повеќе аспекти; совесноста опфаќа самоконтрола, работливост, одговорност и сигурност. Совесната личност е добра во саморегулацијатаи контролата на импулсот. Оваа одлика влијае на тоа дали ќе поставувате и одржувате цели на долг дострел, намера за избор, ќе се однесувате претпазливо или импулсивно и сериозно да ги сфаќате обврските кон другите. Совесноста е генерално клучна состојка за успех - љубов како и работа. Исто така, тоа е главен предиктор за здравје, благосостојба и долговечност.

Совесните луѓе се проактивни во донесувањето на големи и мали одлики. На пример, совесните луѓе не поставуваат само цели, тие поставуваат временска рамка за исполнување на секоја цел. Луѓето со совесна личност добро се снаоѓаат во работни места кои бараат внимание на деталите, како што се хирурзи и пилоти.

Овие луѓе не се импулсивни. Тие се планери и се придржуваат до распоредот. Тие исто така не пропуштаат уредно плаќање на сметки, водат белешки, ги исполнуваат своите ветувања и се појавуваат на време. Тие се вклучуваат во грижа за себе преку вежбање, правилен сон и здрава исхрана. Помалку е веројатно да се впуштат во ризично однесување како пушење и обилно пиење.

Една техника е ментално спротивставување, со кое поединците замислуваат цел, пат до целта и пречки што веројатно ќе се сретнат на патот. Таквиот процес може да им помогне на луѓето да изберат остварливи цели и да ја зајакнат нивната посветеност за нивно постигнување. И природата и негувањето влијаат на оваа одлика на личноста, а луѓето стануваат посовесни како што стареат.

Совесните лица имаат тенденција за високи постигнувања во образовниот и во професионалниот живот. На работното место заедно со високата продуктивност, тие најчесто имаат и поголема заработка, добри односи, задоволството од работата и достигнувања. Покрај тоа совесните имаат тенденција да добијат повеќе лидерски позиции.

Вредните и темелни луѓе не се откажуваат од проблемите се додека не се решат. Ако не успеат, продолжуваат да се обидуваат. Тие не се нужно попаметни од кој било друг, ниту пак ќе ја извршат задачата подобро од другите но сепак тие ќе се одлучат за успешна резолуција.

Луѓето со висока совесност се придржуваат до одредени правила на живеење. Тие на пример имаат поголема веројатност да возат со ограничување на брзината и да преземат одговорност за проблемите што ќе се појават. Ова исто така важи и за односите и обврските што доаѓаат со нив.

СОГЛАСНОСТ

Согласност пак е одлика на личноста што може да се опише како соработка, љубезна, и пријателска. Луѓето со висока прифатливост имаат поголема доверба, привржаност, алтруизам и генерално покажуваат попросоцијално однесување од другите. Луѓето кои се наоѓаат високо на скалата на оваа просоцијална одлика се особено сочувствителни, покажувајќи голема грижа за благосостојбата на другите, тие први им помагаат на оние кои имаат потреба. Согласноста е уште една од петте димензии на личноста опишана како Големата петорка.

Кога некое лице се наоѓа високо на скалата на оваа одлика на личноста, тој е помалку насочен кон ,,јас,, многу повеќе е насочен кон ,,сме,,. Тие го бараат општото добро кај другите, бргу ги слушаат мислењата на луѓето околу нив и бараат хармонија наместо раздор.

Пријатното не ги навредува другите, ниту ги доведува во прашање мотивите или намерите на некоја личност. Тие исто така не мислат дека се подобри од другите. Секој е еднаков, сочувствува со другите и ги почитува другите.

Помалку пријатната и поборбена личност, сепак, е посклона да биде манипулативна, бесмислена, агресивна и конкурентна. Тие не се грижат многу за другите луѓе, прават омаловажувачки или навредливи коментари, имаат малку трпеливост и лесно се вознемируваат и нервираат.

Овие луѓе се чини дека се посреќни и позадоволни од животот во споредба со помалку пријатните. Општо земено, се жалат многу помалку, не ги омаловажуваат другите, не предизвикуваат проблеми или конфликти, не се стремат кон перфекционизам, не се толку крути, имаат слаба оценка во темната тријада и другите злонамерни одлики, претпочитаат хармонија, имаат поголема доверба и простуваат.

Оваа карактеристика до одреден степен е под влијание на генетиката, но и негувањето има влијание. Оваа одлика е податлива и луѓето со текот на времето стануваат попријатни.

Согласните и еластични луѓе имаат поголема веројатност нивната болка да ја смири плацебо. Од друга страна, невротичните луѓе имаат помала веројатност да имаат корист од плацебо. За време на болно искуство, пријатни и еластични луѓе покажуваат поголема активност во мозочен регион за кој се претпоставува дека ја потиснува болката.

ОТВОРЕНОСТ ЗА ИСКУСТВА

Отвореноста кон искуството или едноставно отвореноста е основна одлика на личноста што ја означува приемчивоста кон нови идеи и нови искуства. Тоа е една од петте основни димензии на личноста што го поттикнуваат однесувањето - познат како пет-факторски модел на личност или Големата 5. Луѓето со високо ниво на отвореност имаат поголема веројатност да бараат разни искуства, да им биде пријатно непознатото ,посветуваат повеќе внимание на нивните внатрешни чувства во споредба со оние кои се помалку отворени за новини. Тие имаат тенденција да покажуваат високо ниво на љубопитност и честопати уживаат да бидат изненадени. Луѓето со ниско ниво на отвореност претпочитаат познати рутини, луѓе и идеи; тие можат да се согледаат како затворени.

Отвореноста кон нови искуства е во корелација со повисокото ниво на благосостојба вклучувајќи ја целокупната среќа. Луѓето со повисоко ниво на отвореност се чувствуваат попозитивни и имаат топли односи со луѓето околу нив. Досегашните истражувања не пронајдое никаква забележителна корелација помеѓу отвореноста за нови искустав и анксиозноста или пак други нарушsжувања на расположенитео..

Луѓето со висока отвореност се подготвени да пробаат нови работи, како егзотично јадење или да патуваат во некоја чудна земја. Тие се љубопитни истражувачи и бараат знаење. Луѓето кои се поотворени може да бидат помалку практични и помалку аналитички; наместо тоа, тие се потпираат на својата инвентивност и се поприемливи за промена.

Отвореноста ја одразува тенденцијата да ги извршувате и уживате во непознати работи. Затоа, има смисла дека оваа одлика е позитивно поврзана со иновативното размислување - се покажа дека оние кои се особено отворени за искуство имаат поактивна имагинација и поголема ценење за естетиката и убавината.

Отвореноста е единствената одлика на личноста која доследно ја предвидува политичката ориентација. Една студија во списанието „Интернационална енциклопедија за социјални и бихевиорални науки“ покажа дека луѓето со висока отвореност имаат поголема веројатност да го поддржат либерализмот и, највероватно, да ги изразат своите политички убедувања, воопшто.

Нивоата на отвореност се разликуваат според локацијата. Во рамките на САД, луѓето на крајбрежјето обично се оценети како поотворени од оние во средината на земјата. Слично на тоа, луѓето што живеат на крајбрежјето се полиберални, а луѓето кои живеат на средниот запад се поконзервативни.

МОТИВАЦИЈА

Под поимот мотивација пак се подразбира внатрешна состојба на лицето која што го наведува да се обновува на специфичен начин. Во работна поставеност овој поим често се користи за да се објасни продуктивноста (постигнатиот училишен успех) и напорот што го вложуваат учениците. Најчесто се истакнуваат три аспекти на мотивацијата: мотивацијаат е она што ја „ покренува „ ; мотивацијата е она што ја „ насочува „; мотивацијата е она што ја „ одржува „ обноската. Овие аспекти на мотивацијата не можат да се видат, можат да се видат нивните резултати. Ако некој се залага многу, ние велиме дека е мотивиран. Во овој случај ние заклучуваме нешто и за внатрешната состојба, врз основа на обносувањето кое го гледаме. Успехот на она што го работиме е функција на мотивацијата и на способностите. Меѓутоа високото ниво на мотивација да компензира извесен недостаток на способности, кои никогаш не ќе може да ги замени во целост. Она што мора да се напомене е тоа што мотивацијата има ограничувања во објаснувањето на обносувањето. Луѓето се разликуваат во целите што сакаат да ги постигнат. Овој факт значи дека напорите што се вложуваат за да се зголеми мотивацијата ќе имаат влијание на едни, а на други луѓе не.

МОТИВ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ

Мотивот за постигнување како што пишува Rot (1983 г.) не е доволно и прецизно одреден. Од една страна со овој мотив е означена тенденцијата блиска до тежнеењето за афирмација и за самоактуелизација, тенденција да се манипулира со работите, тенденција за компетентност и желба да се изразат своите способности, а од друга страна со овој мотив е означена и тенденцијата за компетиција, тенденција да се биде подобар од другите, да се постигне повеќе од другите и да се биде помоќен од другите.

Од некои истражувања произлегува дека многу често задоволувањето на овој мотив се бара во остварувањето на што подобар материјачен статус, па така мотивот за постигнување се сведува на тенденцијата со компетенција да се оствари повисок економски стандард и повисок статус. Сето ова покажува дека мотивот за постигнување опфаќа повеќе мотиви и мотивациони фактори.

Мотив за постогнување како поим и проблем добива се поголема важност и се проучува во се поширок размери. Прв за него зборува Marej кој за него зборува како потреба за постигнување и Levin кој зборува за ниво на аспирација. Mek Klilend го одредува мотивот за постигнување како тенденција да се вложува напор за да се постигне и оствари она што се смета за вредно и со што поединецот би се истакнал пред другите. Овој мотив во својата суштина е стекнат мотив, зависен од начинот и содржината на воспитувањето, како и од системот на вредности во одредена култура. Ако во процесот на воспитување се поттикнува детето да се натпреварува со другите, да ги завршува обврските и да се наградува за постигнатиот успех, веројатно е дека ќе се развие мотивот за постигнување.(според Николоски,1996г.). Според Плекчиќ (1985г.), Mek Klilend укажува дека мотивот за постигнување се однесува на афектите кои се асоцирани со постигнувањето т.е. мотивот за постигнување е позитивен или негативен афект кој се разбудува во ситуациите кој вклучуваат компетенција со стандардите на совршенството, кога изведувањето во такви ситуации може да се евалуира како успешно или неуспешно,,. Atkinson го дефинира мотивот за постигнување како капацитет за доживување гордост поради постигнување. Viner мотивот за постигнување го дефинира како капацитет за перцепирање на успехот кој е причинет од внатрешни фактори, посебно од напорот. Desaj, мотивот за постигнување го дефинира како специфичен мотив кој се дефинира од основната потреба за чувство на компетентност и самодетерминација, според Палечиќ (1985г.). Kagen пак вели дека ако детето научи само да ги разрешува конфликтите на кои наидува во интеракцијата со средината, тоа може да развие мотив за постигнување или компетенција како еден секундарен мотив. Maslov меѓу мотивите за хиерархијата зборува за потребата за ценење која се однесува на желбата за постојана, цврста, обично висока оцена за себе, за самопочитување, самоценење и ценење на другите луѓе. Овие потерби тој ги класифицира во две групи: првата се однесува на желбата за моќ, постигнување доволност, компетенција, самодоверба при соочување со светот, а втората група се

однесува на желбата за добар глас или престиж (дефинирана како почитување или ценење од страна на другите), статус, слава, сјај, власт, признание, уживање, внимание и достоинство. Задоволувањето на овие потреби доведуваат до чувство на самопочитување, чувство на корисност и потребност на светот, а нивното незадоволување чувство на инфериорност и беспомошност. Marej меѓу дваесетте потреби кои претставуваат основни придвижувацки сили на човечкото однесување ја вбројува и потребата за постигнување. Тој смета дека таа потреба се манифестира во желбата да се постигне нешто што е тешко да се постигне, да се совладаат и да се манипулира со предметите, луѓето и идеите, да се совладуваат препреките и да се постигне нешто што се цени, да се натпреварува со другите и да се истакне пред другите, да се вложува долготраен напор за да се постигне нешто што е тешко. Според него потребата за постигнување колерира со потребата за уважување и потербата за супериорност,според (Rot,1983г.).

Психолозите когнитивисти тргнуваат од идејата дека покрај задоволувањето на основните потреби , постојат уште многу други причини за човековото однесување. Според нив надворешните дразби не се поттикнувачи на човековата активност, тие се само извор на информации кои единката ги обработува, ги интерпретира и ги трансформира во сопствените убедувања, верувања, планови, цели, очекувања и врз основа на нив единката превзема или не одредени активности. Човековата активност и однесување се детерминирани од мислењето а не само од нарушената хомеостаза или од наградувањето и казнувањето на минатото однесување. Вишите ментални процеси интервенираат помеѓу стимулусот, дразбата, информацијата и однесувањето, реакцијата, последицата. Овој пристап се заснова на претпоставката дека луѓето се активни ученици, постојано учат и се прилагодуваат на околината.

Социокогнитивната теорија ја дефинира мотивацијата како внатрешна состојба која поттикнува, насочува и одржува одредено однесување кон одредена цел. Тоа би значело дека мотивацијата за учење е внатрешна состојба која поттикнува, насочува и одржува однесување со цел нешто да се научи. Овој процес е најуспешен кога е саморегулиран, кога учениците разбираат што придонесува за постигнување на одредени резултати.

Мотивацијата за учење е тенденција на учениците школските активности да ги доживеат како вредни и значајни или како средство да се сојде до отцена, диплома. Таа постепено се

развива под влијание на сите фактори на опкружувањето како што се моделирање, комуникација, очекувања и директни инструкции од наставниците и родителите (Brophy, 2004).

Мотивацијата не е поединечен ентитет , таа вклучува напор, самоефикасност, сморегулација, интерес, контрола, ориентација кон целта и расположение кон учењето (Suzić, 2006). Во наставниот процес мотивацијата се користи да се објасни степенот на внимание и напорот што учениците го вложуваат во различни активности што можат да но не мора да бидат во согласност со целите на наставниците. Мотивацијата за учење е суштински вкоренета во субјективните искуства на учениците, искуства кои се поврзани со нивната подготвеност активно да се вклучат во во наставата и учењето.

- Теорија на очекување, според (Weiner, 1992) човекот е свртен кон иднината, тој очекува, антиципира одреден исход од неговата активност или однесување, а самата таа активност, самотот тоа очекување е поттикнувач или двигател на неговата активност. Секој мотив во суштина е антиципирање на некое задоволство, бидејќи секое предвидување претставува претходно искуство од што произлегува дека мотивот ја содржи компонентата учење или сознавање. Единката очекувањата ги гради врз основа на своите претходни искуства и знаења. Изборот кој го прави единката не е само рационално туку и емоционално заснован. Субјективните очекувања можат да се наречат шеми, планови, прогнози и со други називи но основата им е иста. Врз основа на нив се создаваат веројатните прогнози за однесувањето на активните и пасивните компоненти на ситуацијата, за ефектите на сопствените дејствија и за можностите за постигнување на посакуваниот резултат. Така формираните очекувања влијаат врз регулирањето на тековното однесување на единката и се менуваат под влијание на новопримените повратни информации од средината. Така да регулацијата на сопственото однесување се остварува под влијание на системот на очекувањата, кој ги формира можните прогнози за ефектите од заемодејствието на единката и средината во одредена конкретна ситуација.
- В-И-Е теорија на Виктор Врум, спаѓа во процесните теории затоа што сама по себе е обид да се објасни мотивацијата преку истражување на процесите на

вложување напори до постигнување на одредени резултати. В- вредноста или валенцијата се однесува на привлечноста на целите т.е. насоченоста на единката кон целта, која може да биде позитивна вредност па ја привлекува единката, со нулта вредност кога единката е рамнодушна кон целта или со негативна вредност па единката се стреми да ја одбегне. И- инструменталноста се дефинира како поврзаност, взаемна условеност помеѓу две цели при што едната може да биде инструмент за постигнување и на другата цел. Е- очекувањето како клучен поим се сфаќа како убеденост на единката дека одреден начин на однесување ќе го донесе до целта. Единката сама избира, сама се определува за одредено однесување (активност, постапување) врз основа на интеракцијата меѓу привлечноста на целите (валенцијата) и својата субјективна оценка за веројатноста дека избраното однесување ќе доведе до одредена цел.

- Теорија на атрибуција од една страна ги проучува причините со кои луѓето го објаснуваат своето и однесувањето на другите. Тргнува од тоа дека луѓето сакаат, се заинтересирани да знаат што се случува во нивната околина , да имаат контрола над причините што го дефинираат однесувањето на луѓето. Ги проучува и ефектите на сите атрибуции врз емоциите, врз мотивацијата и врз идното однесување на луѓето. Според (Weiner, 2000) теоријата на атрибуција говори за два извора на причините за човековото однесување. Одредено однесување на единката може да се припише (атрибуира) на самата личност, односно на одредени фактори во неа, или на средината, односно на одредени фактори во физичката или социјалната средина. Така да нечие однесување се објаснува или со релативно постојните црти (атрибути) на личноста или со некои фактори (атрибути) на средината. На овој начин може да се објасни секое однесување или човечка активност. Имено неуспехот во некоја активност може да се припише на недостаток на способности (на една лична особина) или на тежината на задачата (на еден средински фактор). (Beck, 2004), зборува за основна атрибуциска грешка т.е. вообичаено е успехот да си го припишуваме себе си а неуспехот да им го припишиме на надворешните фактори или тенденција туѓото однесување да се објаснува со внатрешни причини, а сопственото со надворешни.

- Теорија на когнитивна дисонанца се темели на ставот дека на единката и е потребно оптимално ниво на стимулирање за да делува ефикасно. Човекот е мотивиран да го намали високото ниво на несовпаѓање меѓу новата информација (когницијa) што ја стекнува и информациите што веќе ги поседува. Дисонанцата предизвикува непријатни состојби во организмот кои поттикнуваат однесување чија цел е редукција на дисонанцата. Когнитивна дисонанца се јавува кога две верувања се логички контрадикторни (Festinger, 1957). Појавата на две спротиставени (противречни) когниции има мотивирачки својства и поттикнува дејствија , акции за нивно надминување. За поддршка и развој на една когнитивна структура е неопходно добивање на стимулација, која се разликува од содржината на таа структура во извесни оптимални граници. Несогласувањето на новопримената информација (стимул) со постојните внатрешни стандарди само по себе има мотивациски функции, организмот има потреба од оптимално ниво на несогласување помеѓу стимулусот и внатрешните стандарди и се стреми да најде ситуација која ќе го обезбеди тој оптимум.

Мотивот за постигнување како стекнат, социјален мотив кој е во суштина една од енергетските и придвижувачки сили формирани во процесот на социјализација на единката, условен е од повеќе фактори и повеќе аспекти на личноста како на пр.интелигенција, формираност, самодоверба, себепочитување, училишен успех, графичка експресија и.т.н. Тоа ја иницира темата на овај нацрт проект за поврзаноста на цртите на личноста екстроверзија, невротизам и мотивот за постигнување со училишниот успех кај учениците средношколци.

УЧИЛИШЕН УСПЕХ

<u>За училишниот успех</u> може да се каже дека произлегол како резултат на потребата да се утврди колку знаење стекнал ученикот. За таа цел неопходно е повремено да се врши проверување и оценување на тоа знаење. Оценувањето во училиштата има повеќе значајни функции, пред се проверување дали ученикот стекнал одредени знаења од

предметот кој го учел на основа на што се утврдува дали ученикот го исполнува условот за преоѓање во повисоко одделение, повисоко училиште или за извршување на одредена работа. Оценитe од различни предмети во текот на школувањето можат да бидат користени за професионална ориентација на ученикот и конечно оценитe имаат улога и да го поттикнуваат ученикот за учење и работа.

Постојат нумерички отцени на пр.од 1 до 5 или од 5 до 10, постојат описни отцени, а во некои земји оценитe се изразуваат во проценти од 0 до 100%.

Во училиште знаењето се испитува преку усмено испитување, писмени задачи и со тестови на знаење. Секој од овие методи на испитување си има свои предности и недостатоци, но генерално кај секој од нив може да влијае некој од факторите кои се влијаат на субјективноста на отценувањето, различните наставници имаат различни критериуми, потоа ,,хало ефектот,, може да влијае, како и тренатa и стравот на ученикот.

Се повеќе и се почесто училишниот успех со повеќе теоретски и практични докази не се објаснува само со повисокиот степен на развиеност на општите и посебните интелектуални способности. Покрај од интелегенцијата голем дел од училишниот успех зависи од факторите од неинтелектуална природа. Тоа значи дека интелектуалните способности претставуваат само еден од условите за постигнување на подобар училишен успех, додека крајниот резултат зависи од деливањето на останатите фактори како што се:

- Карактеристиките на социјалниот и емоционалниот развој,
- Степенот на мотивираност за учење,
- Специфичноста на одделни особини и црти на личноста.
- Социо-екеономското и педагошко-културното ниво на семејството.

Друга поделба на факторите кои влијаат на училипниот успехе следната:

- Фактори кои се во врска со индивидуалните карактеристики на учениците; (способноста за учење , возраста на ученикот , личните особини на ученикот упорност, доверба во себе, ниво на аспирација , интелигенција, мотивација, локус на контрола итн),
- Фактори кои се во врска со средината во која живеат учениците; (температура, светлина, влажност на воздухот, натпреварувањето, соработката, наградувањето, казнувањето, потоа структурата на семејството итн).

- Фактори кои се во врска со задачата која треба да се научи; (значењето на задачата која треба да се научи, проблеми во врска со задачата, сличност со задачите кои порано биле учени, смисленоста или бесмисленоста на материјалот што се учи итн).
- Фактори кои се во врска со карактеристиките на училиштето (училишниот процес) и наставниците; (големината на училиштето, видот на училиштето, големината на одделението, образованието на наставниците, особините на наставниците, раководење на училиштето и слично).

Неколку зборови за поврзаноста на индивидуалните карактеристики на учениците и училишниот успех. Имено најчесто истражувањата говорат за поврзаноста на интелигенцијата и особините на личноста со училишниот успех. При тоа се покажало дека поголема е веројатноста поинтелигентните ученици да постигнат повисоко ниво на образование. Според (Bratko, Chamorro-Premuzic & Saks, 2006; Jensen, 1998; Matešić & Zarevski, 2008; Zarevski, 2012), поврзаноста на општите интелектуални способности е поголема во пониските одделенија и се намалува во повисоките нивоа на основното училиште, а уште повеќе во средно училиште. 30% од варијансата на успехот во училиштето можат да се објаснат со општите интелектуални способности според спроведената студија на (Luo, Thompson & Detterman, 2003). Важноста на интелигенцијата е неспорна, но истражувањата спроведени на различни возрасни групи покажале дека со зголемувањето на нивоата на образованието се зголемува важноста на другите карактеристики на единката, на пример особините на личноста, мотивацијата, за разлика од нив интелигенцијата ја губи важноста како предиктор за успех во училиштето (Bratko, Chamorro-Premuzic & Saks, 2006; Matešić & Zarevski, 2008). Когнитивните особини го одразуваат она што учениците се способни да го направат, наспроти нив особините на личноста го одразуваат она што учениците најверојатно ќе го направат одредена ситуација. Особините на личноста и нивната поврзаност со училишниот успех најмногу и најчесто е разгледувана во контекст на пет-факторскиот модел на (McCrae&Costa, 1987). При тоа најголема поврзаност училишниот успех има со совесноста според (Chamorro, Premuzic & Furnham, 2003, Matešić & Zarevski, 2008, O'Connor & Paunonen, 2007). Совесните ученици се смета дека се повеќе мотивирани за учење, подобро организирани и фокусирани на постигнувањата. Во истражувањата на (Chamorro Premuzic and Furnham, 2003), покажуваат корелација помеѓу училишниот

успех и емоционалната стабилност, емоционално нестабилните личности почесто се анксиозни, повеќе се насочени кон сопствената емоционална состојба што доведува до зголемено внимание и постигнување на добар успех. Во однос на екстроверзијата постојат контрадикторни податоци. Според едните (De Raad & Schouwenburg,1996), учениците со повисоко ниво на скалата на екстраверзија, заради енергичноста и позитивниот став се поуспешни, според другите (Eysenck & Eyzenck, 1985), екстравертите повеќе тежнеат кон социјализација и други активности и постигнуваат послаб училишен успех. Отвореноста за нови искуства е поврзана со поголема мотивација според (Tempelaar et al.,2007) и подобро критичко мислење според (Bidjerano & Dai, 2007), но и со поголемо отсуство од училиштето според (Lounsbury et al.,2004). Различни автори потенцирале дека не сите претходно споменати варијабли подеднакво делуваат во успехот кој учениците го постигнуваат по различните наставни предмети. Така на пример се покажало дека најдобар предиктор во предметите од јазичната сфера била совесноста, пап потоа интелигенцијата и инроверзијата. Додека пак по математичките предмети се покажало дека распоредот е поинаков, најнапред е интелигенцијата, па совесноста и на крај ниско ниво на удобност токму затоа што ваквите поединци имаат развиено високо ниво на критичко мислење, анализирање и решавање на математички проблеми.

Овој односот помеѓу личноста и училишниот успех е испитуван многу често и истражувањата најчесто покажувале неконзистентни резултати.

Покрај интелигенцијата и општите црти на личноста врз училишниот успех влијание имаат и мотивацијата и анксиозноста. Социо-когнитивниот модел на мотивацијата поимот го разгледува како повеќеслоен динамичен феномен, така да учениците можат да бидат мотивирани повеќекратно (Linnenbrink & Pintrich, 2002). Мотивацијата не е секогаш стабилна карактеристика на ученикот и може да варира во зависност од околината и специфичниот предмет на училиштето. Во рамките на овој модели, најчесто се оценува мотивацијата за одделни наставни предмети (математика, читање, општествени предмети итн.) и се нагласува улогата на активното регулирање на сопствената мотивација, тоа значи дека размислувањето за мотивацијата и учењето можат да ја променат мотивацијата на учениците (Bong, 2004). Теоретичарите на овој пристап предложиле неколку мотивациони конструкции кои можат да влијаат врз постигнувањатана учениците во училиштето.

Социо-когнитивни терии за мотивација кои го разгледуваат училишниот успех се:

- теоријата на самоефикасност, самоефикасноста се однесува на верувањата во можностаза успешно извршување нанекоја задача или активност. Истражувањата покажале дека поголемата самоефикасност е поврзана со подобар училишен успех (Bandura, 1997; Pintrich & Schunk, 2002). Учениците со висока проценка за сопствената самоефикасност, веруваат дека можат успешно да ја извршат задачата се поупорни во извршувањето на соодветната задача, работат повеќе и постигнуваат подобар резултат (Pintrich, 2000; Pintrich & De Groot, 1990).
- атрибуциската теорија за постигнување, истражувањата во областа на оваа теорија се фокусирани на појаснување на причините за постигнувањата на училиштето (Graham & Weiner, 1996). Според оваа теорија, кога ученикот ќе доживее успех или неуспех, тој ја анализира ситуацијата со цел да ги објасни причините за успехот / неуспехот (Weiner, 1986)
- концептот на интринзична наспроти екстринзична мотивација, во овој однос повеќето истражувања покажуваат дека од детството до адолесценцијата интринзичната мотивација е поврзана со остварување на подобар училишен успех (Gottfried, 1990; Lloyd & Barenblatt, 1984; Spinath et al., 2006), но сепак ова тврдење не е конзистентно, затоа што во некои од истражувањата не е добиена поврзаност помеѓу внатрешната мотивација и училишниот успех (Gagné & St. Père, 2002). Истражувањата покажале и постоење на разлики во полот во однос на видот на мотивацијата. Момчињата се повеќе екстринзично мотивирани, а девојчињатасе повеќе интринзично мотивирани (Anderman et al., 1999; Mecce & Holt, 1993). Според (Schiefele et al.,1992) успехот на учениците од женски пол е помалку поврзан со нивните интереси отколку во случајот со ученици од машкиот пол.
- теоријата за целна ориентација. Таа става акцент на тоа дека целната ориентација на учениците е поврзана со мотивацијата за постигнување (Ames, 1992), и се претпоставува дека постојат две целни ориентации кои се однесуваат на потребите на поединците при решавањето на задачите и тоа целна ориентација насочена кон задачата (task orientation) и целна ориентација насочена кон изведбата (ego orientation). Првите се насочени кон задачата и се фокусираат на развивање на нови

вештини, разбирање на она што го прават, обработка на информации поврзани со задачата и сл. Истите го препознаваат успехот како резултат на сопствените напори и употребата на ефективни стратегии за учење (Dweck & Legget, 1988). Тие имаат попозитивни ставови за себе, почесто преземаат одговорност за неуспехот (Diener & Dweck, 1978) и за нив учењето претставува цел сама по себе. Вторите се обидуваат да ги покажат своите способности и да добијат признание од другите, загрижени се дали ќе бидат успешни во споредба со другите и за тоа како другите ќе ги доживеат. Веруваат дека успехот или неуспехот се јавуваат поради сопствените (не) способности, проблематичните ситуации ги доживуваат како закана, користат помалку ефективни стратегии за учење и негативно се проценуваат самите себе (Dweck & Legget, 1988). Според (Ames, 1992, Dweck & Leggett, 1988, Pintrich, 2000, Pintrich & De Groot, 1990), поголемата насоченост кон задачата придонесува за подобар училишен успех со поголемо себе вложување во учењето и развивање подобри вештини за учење.

Друг многу важен фактор во предвидувањето на училишниот успех е социјалната средина за кој се докажало дека има најконзистентна поврзаност. Според досегашната литература најмногу испитуван е социоекономскиот статус на родителите, семејната структура и семејните односи. Иако е нејасно зошто сепак се покажало дека социоекономскиот статус доведува до повисок училишен успех, се претпоставува дека родителите со повисок социоекономски статус користат покомплексни форми на комуникација и имаат повисоки очекувања (Ryan & Adams, 1999). Социоекономската сигурност им обезбедува на децата ресурси со кои им се олеснува учењето, имаат повеќе книги во домаќинството, повеќе едукативни игри, поквалитетно трошење на времето со родителите, родителите повеќе ги охрабруваат децата да учат (Entwisle et al., 1987). Семејната структура и внатрешните односи е значително помалку придонесуваат во објаснувањето на училишниот успех. При тоа се покажало дека иако врската не е еднозначна сепак постои поврзаност помеѓу структурата на семејството и училишниот успех. Децата од семејства со еден родител постигнуваат послаб училишен успех за разлика од децата од комплетни семејства, според (Amato & Keith, 1991). Но поновите истражувања даваат податок дека целовитоста на семејството повеќе и не е толку важна за успехот во училиштето. Според (Reifman et al., 2001), причината за послабиот училишен успех на децата кои потекнуваат

од семејства со еден родител може да биде социјализацискиот дефицит на нецелосното семејство, помалку внимание, помала помош за детето и помала контрола врз детето. Исто така, послабиот училишен успех на децата од нецелосни семејства може да биде одраз на намалување на приходите и животниот стандард, намалените приходи, а со тоа на родителот му е потешко да обезбеди на книги, компјутери, едукативни играчки, инструкции, квалитетно образование, можните конфликти на родителите за време на разводот можат да бидат стрес кој може да влијае на послаби училишен успех кај децата. Бројот на деца во семејството како тип на семејна структура се доведува во однос со образованието и успехот воучилиштето (Booth & Kee, 2009; Conley & Glauber, 2006). Односот е обратнопропорционален, поголем број на деца во семејството означува и послаб училишен успех,(Björklund et al, 2004; Hanushek, 1992; Zayonc & Markus, 1975).

Овој однос се објаснува со намалената количина на економски и социјални ресурси кои можат да им се пружат поединечно на децата во таквите семејства, како и не добивањето на доволно родителско внимание, грижа, разговори за училиштето и очекуваните успесии (Downey, 1995). Еден многу важен аспект во истражувањата на социјалната средина и училишниот успех, се нагласува улогата на вклучувањето на родителите, што пак само по себе повлекува широк спектар на родителски модели на однесување и вештини како родителски очекувања за постигнувањето на детето во училиште, комуникација со децата, комуникација со наставниците, посетување на родителските средби, помагање на децата во училишните задачи. Вклучувањето на родителите може да има позитивно влијание врз децата и нивниот училишен успех, поголемата подршка на децата во нивното учење и образование, допринесува за подобар sчилишен успех (Gutman & Midgley, 2000; Izzo et al.,1999; Shumow & Lomax, 2001; Trusty, 1999), при што вклученоста на родителите мора да се нагласи дека се намалува при премин од основно во средно училиште. Родителите со големи очекувања во споредба со родителите со ниски очекувања им обезбедуваат на децата когнитивно стимулирање, емоционална поддршка и прилагодување на нивната домашна средина на потребите на децата, што има позитивно влијание врз учењето (Fan & Chen, 2001).

Училиштата исто така имаат посебна одговорност во препознавањето и развојот на потенцијалите на учениците, сериозноста на нивната намера да создадат поттикнувачка средина потребно е да ја изразат во нивната визија. Како што истакнува (Кеверски, 2000), стимулирањето на домашните млади потенцијали е најдобрата инвестиција на едно општество, бидејќи резултатот од ваквото ангажирање придонесуваат за негов самостоен напредок. Придонесот на училиштето во голема мера зависи од развојот на земјата и образовниот систем. Посиромашните земји имаат значително повисоки разлики помеѓу училиштата отколку помеѓу наставниците (Bosker & Witziers, 1996), побогатите земји немаат многу разлики меѓу училиштата. Одредени истражувања не нашле никаква поврзаност помеѓу карактеристиките на училиштата или наставниците со успехот во училиштето (Coleman et al.,1966; Ehrenberg & Brewer, 1995) и овде голем број од истражувањата дале контрадикторни и неконзистентни резултати (Krueger, 1999). Во овој однос најчесто истражуван е односот помеѓу училишниот успех и училишните ресурси, големината на училиштето, просечната големина на класот, влијанието на врсниците, професионалните вештини и квалификациите на наставниците, должината на работниот стаж на наставникот, воспоставувањето на врска помеѓу наставниците и учениците и сл. (Buddin & Zamarro, 2009; Ready et al., 2004; Zoda et al., 2011). Истражувањата во сите овие области се неконзистентни поради фактот што сите овие фактори зависат еден од друг, испреплетени се, поврзани и меѓусебно зависни на еден или друг начин.

АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

Адолесценцијата е специфичен развоен период кога се јавуваат социјални и когнитивно развојни предуслови за појава на вулнерабилност, импулсивни однесувања и афективни пореметувања како на пример депресија.

Една од основните одлики на адолесцентната возраст е чувството на депримираност, досада. Во текот на раната адолесценција развојните промени во самосвесноста и егоцентризмот придонесуваат за пројавување на депресивна симптоматологија. Или поинаку кажано во овој развоен период како да постои тажно простување со детството.

Ваквите чувства се опишани во делата на (Baudlaier, Rimbaud, Moravia). Раната и средната адолесценција се особено ризични периоди за развој на депресија затоа што тоа се периоди на значајни физиолошки, биолошки и психолошки промени со почеток на пубертетот, академски и социјални транзиции и варијабилни интеракции во семејството, со врсниците кои како комплекс на фактори придонесуваат за појавување на депресијата. Адолесцентот самиот е неспособен да го поднесе исчекувањето на нешто ново и непознато. Чувствува досада и е неспособен да го турка секојденевниот живот, и има огромна потреба нешто да промени.Така да најчесто кај адолесцентите не станува збор за класична депресија туку за чувство на празнина. Тоа пак само по себе придонесува за појава на чудни начини на однесување кај адолесцентот, импулсивни и скоро несвесни. Така на пример во потрага на новото и промената адолесцентот почнува да бега од часови, станува бунтовен, талка бесцелно, стекнува лоши навики на пр.пушење цигари, лесно потпаѓа под лошо влијание и погрешни авторитети.

Факторите на околината во случајот на адолесцентот имаат секундарно значење но многу често може да се развијат девијантни поведенија како на пример деликвенција, наркоманија, повторувачки бегства од дома итн.

За овој развоен период многу карактеристично е растројството на самопочитувањето (self- esteem). Процесот на психо-афективното созревање на адолесцентот во основа зависи од чувствата кои се проектираат кон двата родители и низ него настанува афирмацијата на јас која пак адолесцентот ја доживува низ односите и врските со врсниците. Афирмацијата на јас се стекнува не само од позитивните туку и од негативните искуства како на пример сомнежот во сопствените способности, срамот, стравот.

Уште една карактеристика на овај период е нарцистичната вулнерабилност што значи дека адолесцентот премногу трагично ги преживува критиките и отфрлањата од страна на врсничките спрема кои чувствува симпатии. Поради разнишаната самопочит, ниската самодоверба, тешкотиите да го усогласи сопственото поведение, вкусови и невкусови адолесцентот доживува егзистенцијална анксиозност. Не може да најде одговори на многу битни прашања Кој сум јас? Што сум јас? Која е мојата цел и мисија?. На овие прашања н може најчесто да најде одговор и кај возрасните, па често кај нив се јавува презир кон постарите генерации, оддалечување и агресија дури и кон лицата со кои имал

воспоставено силна врска. Сето ова наликува на типичен депресивен синдром кај возрасните но големата разлика е во тоа што истите во оваа развојна фаза се минливи.

Сепарацијата од родителите е неизбежна во овој процес на созревање. Според Marcelli (1990) , напуштањето на детството значи губиток на афективната поврзаност и сигурност со родителите, губиток на мирот и стабилноста на телото, како и на несвесната бисексуалност што е типична за секое дете. Поради сето ова кај долесцентот може да се појават болни афекти, анксиозност, депресивност и чувство на вина, а тоа пак сето заедно води до агресивно однесување, карактеристично за оваа развојна возраст. Амбивалентните чувства кон родителите се една од основните особености на адолесценцијата.

За овој развоен и многу важен период од животот на поединецот карактеристично е варијабилноста во расположението т.е. лесно минување од еуфорија во депресија, иритабилност и повлекување. Но овде ваквите варијации се нормална појава и не треба да се мешаат со патолочката депресија.

Адолесцентот за разлика од возрасните ретко се жали на своите проблеми со расположението, без да бара помош од возрасните или стручно лице. Апсорбиран самиот во себе проблемите ги доживува како уште поголем сомнеж во сопственото јас, неспособност, некомплетност, зависност од друг. Многу почести се телесните поплаки поврзани за трансформациониот процес на сопственото тело. Нив треба да им се обрне посебно внимание затоа што можат да бидат знак на тешка депресија, на пр. замор, малксаност, немање апетит, несоница, многу внимателно да се разграничи дали се работи за нормална и минлива појава на адолесценцијата или се работи за апел да се биде во центарот на вниманито или пак се работи за вистински знаци на депресија. Агресијата исто така може да биде еден знак на депресија. Адолесценцијата е време кога внатрешните конфликти се екстериоризираат. Нешто многу важно кај депресијата во адолесцентна возраст е тоа што во депресивната слика на адолесцентот многу важно место имаа родителите, кои често немаат капацитет да се справат со ситуацијата, затоа се препорачува да побараат стручна помош.

Доколку се работи за депресија во адолесцентна возраст во вистинската смисла на зборот

треба да се обрне внимание на овие симптоми:

- Замор типично за депресијата се јавува наутро, ја нарушува концентарцијата а тоа се одразува на училишниот успех.
- Губиток на тежина уште повеќе што во адолесценцијата постои проблем за прифаќање на сопственото тело.
- Растројства во исхраната анорексија или булимија можат да бидат пропратна појава, исто како и оралните фиксации како на пример консумацијата на алкохол, медикаменти, цигари, дрога.
- Проблеми со спиењето.
- Растројства во психомоториката забавени движења,мисли,реакции.

Врз основа на когнитивните и неуробиолошките теории може да се заклучи дека зголеменото ризично однесување и зголемената емоционална респонсивност во адолесценција се поврзани со одредени развојни траектории на субкортикалните лимбички регии во однос на кортикалните контолни регии а се под влијание и на индивидуалните разлики во базичните активности на лимбичкиот систем на пр. генетски предиспозиции. Когнитивната и развојната психопатологија изобилуваат со научни аргументи и пристапи кои успешно ги интегрираат сите аргуненти и се обидуваат да дадат одговор на сите клучни прашања.

РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

Истражувањата спроведени во оваа област потврдиле дека факторот невротизам е во тесна врска со наследниот степен на лабилност на автономниот нервен систем, додека факторот екстровертност е зависен од степенот на преовладување на фазата на ексцитација т.е. инхибиција во централниот нервен систем. Оваа рамнотежа исто така е најверојатно наследна особина и веројатно е во врска со асцедентните патишта на ретикуларната формација.

Влијанието на наследниот фактор на екстровертноста и невротизмот многу пати било предмет на истражување на различни автори. При тоа нејдена е висока корелација како за екстровертноста така и за интровертноста кај еднојајчаните близнаци кои биле одвоено

одгледувани. Воопшто би можело да се закличи дека многу чинители зборуваат во прилог на ставот дека наследството сепак има многу значајна улога во развојот на сите три димензии на личноста, екстроверзија, невротичност и психотичност.

Се чини дека во наследувањето на индивидуалните разлики, генетичките фактори имаат поголема улога отколку факторите на околината. Тоа го потврдува фактот што на поедини особи во континиумот акстроверт-интроверт може да се влијае со хемиски средства. Средствата кои го стимулираат човекот го екстровертираат, додека седативите го интровертираат, тоа е само уштеедна врска со подрачјето на биологијата. (Ебади и сор., 2015) потврдуваат дека ниската совесност е позитивно поврзана со одложувањето на извршувањето на училишните обврски, додека пак зголемената невротичност негативно поврзана со одложувањето на извршувањето на училишните обврски.

Пронајдена е мала поврзаност на цртата на личност пријатност со одложувањето за извршувањето на училишните задачи. Во Хрватска во 2017 година. Извршено е истражување од страна на Шоштарић на примерок од 222 ученици од втора, трета и четврта година од општа гимназија. Применети биле Туцкмановата скала на прокрастинација и Петфакторскиот прашалник на личност, при што добиените резултати покажале дека постои позитивна поврзаност на цртата на личност совесност со училишниот успех, а негативна поврзаност на цртите на личност екстроверзија и пријатност со училишниот успех.

Според Каратас (2015г), утврдено е дека оние ученици кои постигнале повисоки резултати на скалата на совесност, имаат тенденција да постигнат подобар училишен успех, и обратно оние кои постигнале пониски резултати на скалата на совесност имаат тенденција да постигнат послаб училишен успех.

Отвореноста предвидува академски перформанси, но совесноста честопати се покажува како најсилен предиктор (Алмунд и сор., 2011; Трапман и сор., 2007; Ведел, 2014). Во неговата мета-анализа, Поропат (2009, стр. 328) проценува дека корелацијата помеѓу совесноста и академските перформанси е 0,28 во основно училиште (приближно 11 години) и 0,21 во средното образование (приближно 16 години). Генерално, совесноста беше барем двојно посилно поврзана со академските перформанси од која било од другите одлики на Петте големи, и беше со еквивалентна големина како корелацијата помеѓу

коефициентот на интелигенција и академските перформанси (која имаше корелација од 0,23). Спротивно на тоа, корелациите помеѓу академските перформанси и согласноста паднаа од 0,30 во основно училиште на 0,05 во средно училиште. Корелациите помеѓу академските перформанси и емоционалната стабилност паднаа од 0,20 во основно учи Постојат малку емпириски докази за умерената улога на возраста или на нивото на образование од објавувањето на мета-анализата на Поропат (2009), а уште помалку докази се достапни за да се направи разлика помеѓу хипотезата возраст-одлика и хипотезата за мерење артефакт Според ISI Web of Knowledge (на 14 декември 2017 година), 482 статии ја цитираа мета-анализата на Poropat (2009). 70 од нив се нови публикации за односот помеѓу личноста и академските перформанси. Сепак, само три студии вклучуваат ученици во основно образование (околу 6-12 години), а од нив само едно, исто така, вклучува ученици од средно училиште, што значи дека има многу малку нови основи за оценување на модерацијата на возраста или на образованието како хипотеза.лиште на 0,01 во средно училиште.

Оваа студија има за цел да ја идентификува улогата на моделот со пет фактори во предвидувањата на академската мотивација, одложување и академските достигнувања кај француските универзитетски студенти запишани во студии за управување. Генерално, 404 студенти од прва и втора година по менаџмент одговорија на прашалник составен од следниве скали: Big Five-fr, академска мотивација и одложување. Студијата идентификуваше дека студентите по менаџмент со повисоки годишни резултати се најсовесни и внатрешно мотивирани и тие одложуваат помалку и се помалку амотивирани. Така, кај студентите по менаџмент, особината на совесност е најдобриот предиктор за академските достигнувања. Во целина, придонесот на оваа студија е двоен: прво, ја вади на виделина централната улога на совеста, особено како модератор помеѓу амотивацијата и академските резултати; и второ, таа предлага комбинирана анализа на личноста, мотивацијата и одложувањето како објаснувачки варијабли за академските резултати. Конечно, оваа студија дава корисни согледувања за тоа како да се пристапи кон поголем ангажман на студенти од прва и втора година во однос на француските образовни политики. Ова е едно од првите студии што даваат докази за врската помеѓу личноста и академскиот успех во рамките на францускиот контекст.

Во едно истражување кое ги опфатило податоците добиени во САД и Бразил, мотивацијата се испитувала со оглед на ставовите на родителите, анксиозноста, интелигенцијата, контролата на импулсите. Студентите кои имаат слаба мотивација за псотигнување се докажало дека се помалку способни да ги инхибираат моторните импулси за движење, тие се повеќе ориентирани кон сегашното време и имаат фрустрациона толеранција.

Луѓето со повисок мотив за постигнување тежнеат да бидат со повисока самодоверба, сакаат и прифаќаат лична одговорност, го ценат знаењето и резултатите од својаат активност. Mek Klilend вршел паралелно истражување во различни земји и дошол до заклучок дека раководителите, економистите, организаторите, градителите, првенствено се мотивираат со желбата за постигнување, според (Талечиќ,1985г.).

Според некои други истражувања учениците со висок мотив за постигнување обично имат и добри отценки.

Други автори утврдиле корелација со школскиот успех. Според наодите таа корелација е доста висока, а според други таа е ниска. Меѓутоа има и податоци кои укажуваат дека таква корелација меѓу мотивот за псотигнување и училишниот успех не постои. Неконзистентноста на резултатите се објаснува со тоа што постојат разлики помеѓу училиштата во притисокот кој го вршат врз учениците. Се наведува дека во училиштата во кои се врши интензивен притисок на сите ученици да постигнат што подобар успех, корелацијата не постои зашто постигнатиот успех нема да биде резултат на иницијативата за ученикот, туку пред се последица на настојувањата на училиштето. Во прилог на постоењето на таквата корелација зборуваат и податоците според кои поголем мотив за постигнување постои кај оние со повисоко, отколку кај оние со пониско образование,според (Rot,1983г.).

Во продолжените испитувања се покажало дека отцената која ја добил ученикот од некој предмет повеќе зависи од тоа во каков клас се наоѓа ученикот и на кое место по знаење се наоѓа помеѓу останатите ученици во самиот клас, отколку од тоа колкав дел од материјалот ученикот усвоил. Друг заклучок кажува дека критериумот по кој наставниците даваат екстремни отцени е постабилен од критериумот по кој наставниците ги даваат средните отцени.

Што се однесува пак до односот на екстроверзијата со мотивот за постигнување, Хавелка во едно свое испитување воочува дека екстроверзијата е значајно поврзана со позитивното емоционално реагирање и кај нормалната популација и кај професионалните спортисти.

Невротичноста пак многу се поврзува со мотивацијата, особено компонентата на позитивното емоционално реагирање е во негативен однос спрема невротичноста, додека негативното емоционално реагирање и невротичноста имаат висок процент на поврзаност.(Хавелка,Н. и Лазаревиќ,Љ.1981г.стр.122).

Во литературата може да се пронајдат истражувања кои го испитуваат односот помеѓу депресијата и петте фактори на личноста (Costa & Widiger, 2002, McCrae, 1994; Trull & Sher, 1994; Widiger & Trull, 1992). Дел од нив се насочени кон менталните нарушувања воопшто (Widiger & Trull, 1992), а дел конкретно насочени кон депресијата како нарушување (Кларк, Вотсон, и Минека, 1994). Истите детектираат специфични карактеристики на личноста како фактори на ризик за развој на депресија. Главна карактеристика е зголемена невротичност и намалена екстроверзија и совесност.

Академските постигнувања постојано се предмет на истражување на психолозите, но резултатите не можат да се усогласат околу неговите детерминантите и неговото дефинирање. Операционално се дефинира како успех на стандардизирани тестови на знаење, а како мерки се користат просечните полугодишни или годишни оценки кај учениците, просечните оценки во текот на студирањето кај студентите или успехот на стандардизирани тестови на знаење (Kalechstein & Nowick, 1997; Sinkavich, 1994). Најчесто се испитува влијанието на когнитивните и те варијабли, особините на личноста и вештините и навиките во учењето.

Добиените резултати покажуваат силно влијание на когнитивниот стил, способноста за саморегулација, самодовербата и сликата за себе врз училишниот успех. Едно од поновте испитувања спроведено во Естонија кај ученици од основни и од средни училишта (Laidra et al., 2006) покажува дека општата интелигенција најдобро го предвидува училишниот успех на двете образовни нивоа, додека од особините на личноста мерени со NEO-PI-R како најдобри предиктори се покажале сложувањето и совесноста.

Емпириски истражувања покажале дека високите училишни постигнувања на пониските нивоа на образование се добар предиктор на постигнувањата на повисоките

нивоа, како и во подоцнежната кариера на индивидуата (Maksić, 1993; Oden, 1968 и Smiljanić, 1976, според Kmjaić, 2002). Академскиот успех не е гаранција на творечката продукција, меѓутоа добрата основа на стекнатите знаења, е неопходен предуслов за творештво. Од своја страна пак усвојувањето знаења, е поврзано со развиеноста на одредени психолошки карактеристики.

Во истражувањето на Мицковска (1993), како и во студиите што таа ги наведува (Havelka и др.,1990; Mandić, 1989; Стојанов, 1981), академското постигнување е претставено преку училишниот успех и најдена е висока корелација со интелигенцијата. Во студијата на Smiljanić (1976, според Kmjaić, 2002), како мерка на академскиот успех се земени освоените награди и е констатирано дека студентите кои се континуирано наградувани имаат значајно повисока интелигенција.

Релацијата помеѓу интелигенцијата и академското постигнување е поочигледна кај истражувањаеа спроведени на надарени ученици. На висока позитивна поврзаност меѓу двете варијабли укажуваат Ђорђевић (1979), Maksić (1993), Oden (1968, според Kmjaić, 2002) и др.

Мотивот за постигиување е втората најчесто истражувана варијабла во релација со академского постигнување. Renzulli и Reis (1985, според Čudina- Obradović, 1990) истакнуваат дека неговата ниска развиеност најдобро објаснува зошто некои луѓе со високи способности не постигнуваат висок успех. За позитивна корелација меѓу· училишниот успех и мотивот за постигнување, како најчесто користен предиктор за училишниот успех и академските постигнувања зборуваат и Мицковска (1993) и Михајловски (2003) врз основа на личните и туѓите истражувачки искуства (Havelka и др.,1990; Mandić, 1989; Kvaščev i Radovanović, 1977).

Значајна корелација на емоционалната контрола во ситуации на постигнување и училишниот успех не е пронајдена. Во истражувањето на Михајловски спроведено со ученици од средното училиште за музичко образование, се покажало дека училишниот успех значајно позитивно корелира со општиот мотив за постигнување, негативно со емоционалната инхибираност, но не и со емоционалната контрола во ситуации на постигнување. И во истражувањето на Мицковска (1993) се најдени ниски, незначајни корелации на оваа варијабла со училишниот успех кај учениците од V и VII

одделение и од I клас гимназија. Според тоа може да се заклучи дека инхибирачкиот ефект на негативните емоции е многу поважен отколку стимулирачкиот ефект на позитивните емоции во ситуации на постигнување.

Според сумативниот преглед на студиите на Мицковска (1993) кои ја испитувале релацијата помеѓу училишниот успех и себепочитувањето може да се заклучи дека најголем дел од нив потврдуваат значајна позитивна поврзаност. Истото се потврдува и во наодите од истражувањето на Такашманова-Соколовска (1998), која ја испитувала поврзаноста на емоционално-вредносните аспекти на сликата за себе и училишниот успех кај адолесценти и добила статистички значајна поврзаност на училишниот успех со себепочитувањето во целина и со неговите специфични аспекти.

Čudina-Obradović (1990) дава многу важен осврт во однос на развојот на креативноста. Според неа линијата на развој на креативноста почнува да опаѓа по 10-та година од животот, а тоа го објаснува со две можни толкувања. Едното објаснување е дека опаѓањето на креативноста е резултат на природно губење на љубопитноста, која е својствена за детската возраст. И второто објаснување е дека опаѓањето на креативноста е резултат на образовниот систем, кој е насочен кон развивање на левата мозочна хемисфера, одговорна за логичкото мислење. Традиционалната настава, која е насочена кон усвојување точни информации и го поттикнува развојот на конвергентното мислење во текот на школувањето ги учи учениците дека дивергентната продукција не е многу вреднувана од страна на наставниците, па тие искуствено учат да усвојуваат стилови на мислење што се компатибилни со барањата на наставниците и што обезбедуваат училиштен успех.

Дел од истражувањата покажале дека поинтелигентните луѓе имаат поголема веројатност да постигнат повисоко ниво на образование, а општите интелектуални способности се покажале како најдобри поединечни предиктори за успех во училиштето. Со општите интелектуални способностиможат да се објаснат помеѓу 10 и 25% од варијансата на успехот во училиштето (Gottfredson, 2002; Gustafsson &

71Undheim, 1996; Rohde & Thompson, 2007; Hansford & Hattie, 1982; Zarevski & Matešić, 2009). Дискусијата за значењето на интелигенцијата оди толку далеку што

(Zarevski & Matešić, 2009), бројни истражувања расправаат за можноста за поврзување на просечниот количник на интелигенција на нациите со степенот на националното богатство.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се темели врз потребата за утврдување на поврзаноста или неповрзаноста на овие црти на личност и мотивот за постигнување со училишниот успех, затоа што се претпоставува дека како податок и факт добиениот резултат би бил практично применлив во пракса, и би помогнал во образовниот процес., Во праксата на секој просветен работник и во подобрите резултати на секој ученик, уште повеќе затоа што со новините во образовниот процес покрај учениците кои треба да постигнат резултати во секој сличај, се врши отценување и развивање и на компетициите на наставниот кадар како една од работните обврски.

Варијаблите екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за искуства ќе бидат мерени со помош на Нео Пи Ер инвентарот на личност. Тој се сосотои од неколку скали. Профилот означува пет категории на интензитет за секој резултат. Интервалот 20-35 ги означува многу ниски резултати. Интервалот 35-45 укажува на ниски резултати. Интервалот 45-55 ги означува просечните резултати. Интервалот 55-65 означува високи резултати. Интервалот 65-80 означува многу високи резултати.

N скалата е скала на невротицизам која се состои од 6 други подскали и тоа N-анксиозност, N2-лутина,непријателство, N3-депресија, N4-самосвест, N5- импулсивност и N6- ранливост.

Е скалата е скала на екстроверзија и исто така се состои од 6 деруги подскали кои ни ја оцртуваат личноста и тоа Е1-топлина, вториот аспект на Е скалата е Е2-грижливост, Е3-асертивност, Е4-активност, Е5- повик,барање, Е6-позитивни емоции.

Во О скалата на отвореност спаѓаат О1- фантазија, О2 -естетика, О3 - чувства, О4 – дејства, О5 – идеи, О6 – вредности.

Скалата А е скала на договорност и е сочинета од А1 – доверба, А2 – праведност, А3 – алтруизам, А4 – согласност, А5 – скромност и А6 – сочувство и грижа за другите.

Свесноста како аспект на личноста се мери со скалата С, и тоа С1 – компетентност, С2 – цел, С3 – должнодт, С4 – стремеж кон достигнувања, С5 – самодисциплина и С6 – размислување.

Мотивот за постигнување ќе се мери со тестот МОР. Тестот мери три вида на мотиви и тоа, општ мотив за постигнување (ОП) со максимален интензитет 25, потоа позитивна емоционална ангажираност, емоционална самоконтрола и стабилност во ситуации на постигнување (ПЕ) чиј максимум е 27 и негативна емоционална ангажираност, инхибиција и нестабилност во ситуации на постигнување (НЕ) со максимален интензитет 29.

Во истражувањето ќе биде вклучена и зависна варијабла тоа е училишен успех поточно како полугодишен успех кој го постигнале испитаниците или најточно збирот на заокружените полугодишни отцени како крајни отцени по соодветните предмети, поделени со бројот на предметите кои се изучуваат во текот на школската година.

Истражувањето на проблемот ќе се однесува на степенот на застапеност на погоре споменатите независни варијабли кај учениците испитаници и нивното влијание врз зависната варијабла училишен успех. Поточно дали степенот на изразеност на цртите на личност екстровертност, невротицизам и мотивот за постигнување влијаат за постигнување подобар училишен успех или не.

Истражувањето е изведено на ученици од средните државни училишта на територијата на град Прилеп, во текот на втророто полугодие од учебната 2019/20 година.

Ова истражување е од доменот на клиничката психологија заради варијаблата екстроверзија, невротицизам, потоа навлегува и во доменот на професионалната ориентација и менаџирањето на кадри, затоа што ќе помогне во соодветно насочување на учениците во зависност од квалитетите, со што би се одбирале соодветни кадри и би се редуцирало заситувањето со одредени кадри и недостатокот на другите неопходни за функционирање на општеството и неговата економија. И секако од доменот на воспитно образовниот процес како темел на секое општество јасно отфрлајќи ги стереотипите дека

екстровертите не учат, а интровертните учат, дека оние кои предничат во социјалната средина се надарени, а оние кои се повлечени не се надарени.

ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Општа цел на ова истражување е да се добијат научни, поткрепени и проверени сознанија за поврзаноста на цртите на личност екстроверзија, невротичност и мотивот за постигнување со училишниот успех во град Прилеп,Р.Македонија.

Во истражувањето имаме неколку серии на податоци, истовремено се следат повеќе варијабли и ќе се тестира статистички значајна разлика помеѓу повеќе аритметички средини.

Истражувањето е квантитативно, корелациско, еднократно, неекспериментално, применето/апликативно/ и бидејќи утврдуваме поврзаност меѓу проучуваните варијабли, што овозможува да се предвиди јавувањето на една појава врз основа на друга ова истражување е предиктивно..

ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачи на истражувањето се:

- Да се утврди степенот на поседување на цртите на личност екстроверзија, невротичност кај учениците средношколци во Прилеп, Република Северна Мкдеонија.
- Да се утврди степенот на поседување на цртата на личност совесност кај учениците средношколци во Прилеп, Република Северна Македонија.
- Да се утврди степенот на поседување на цртата на личност согласност кај учениците средношколци во Прилеп, Република Северна Македонија.
- Да се утврди степенот на поседување на цртата на личност отвореност за искуства кај учениците средношколци во Прилеп, Република Северна Македонија.
- Да се утврди степенот на поседување на мотивот за постигнување кај учениците средношколци во Прилеп, Република Македонија.

- Да се утврди дали степенот на поседување на цртите на личност екстроверзија, невротичност и мотивот за постигнување е поврзан со училишниот успех кај учениците средношколци во Прилеп, Република Македонија.
- Да се добијат општи сознанија за улогата на цртите на личност екстроверзија, невротичност и мотивот за постигнување врз училишниот успех кај ученици средношколци во Прилеп, Република Македонија.
- Да се добијат практични сознанија кои можат да се искористат во пракса за искористување на цртите на личност екстроверзија, невротизам, за поттикнување на мотивот за постигнување и секако постигнување подобри резултати во училишниот успех кај учениците средношколци во Прилеп, Република Македонија.

ХИПОТЕЗИ

За остварување на целите и задачите на истражувањето се поставуваат следните хипотези:

1. Хипотеза 1: Постои поврзаност помеѓу цртата на личност екстроверзија и училишниот успех, (колку е поизразена цртата екстроверзија толку е послаб училишниот успех).
2. Хипотеза 2: Постои поврзаност помеѓу цртата на личност невротичност и училишниот успех, (колку е поизразена цртата невротичност толку е послаб училишниот успех).
3. Хипотеза 3: Постои поврзаност помеѓу цртата на личност совесност и училишниот успех, колку е поизразена цртата совесност толку е подобар училишниот успех.
4. Хипотеза 4: Постои поврзаност помеѓу цртата на личност согласност и училишниот успех, колку е поизразена цртата согласност толку е послаб училишниот успех.
5. Хипотеза 5: Постои поврзаност помеѓу цртата на личност отвореност за искуства и училишниот успех, колку е поизразена цртата на личност отвореност за искуства толку е подобар училишниот успех.
6. Хипотеза 6: Постои поврзаност помеѓу позитивната емоционална ангажираност и училишниот успех, така што се очекува оние со повисока позитивна емоционална ангажираност да имаат и повисок училишен успех.

7. Хипотеза 7: Постои поврзаност помеѓу негативната емоционална ангажираност и училишниот успех, така што се очекува оние со повисока негативна емоционална ангажираност да имат понизок училишен успех.
8. Хипотеза 8: Постои поврзаност помеѓу општиот мотив за постигнување и училишниот успех, така да се очекува оние со повисок мотив за општо постигнување да имаат и подобар училишен успех.

   Хипотезите во истражувањето се сложени, причинско последични и теориски.

ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување се вкучени три независни варијабли:

-екстроверзија

-невротичност

-совесност

-согласност

-отвореност за искуства

-мотив за постигнување.

Во ова истражување е вклучена и една зависна варијабла,тоа е училишниот успех. Варијаблите се квантитативни и организмени, и постои интериндивидуално варирање. Релевантните варијабли се од надворешната средина и од особините на испитаниците.Релевантни варијабли кои треба да се контролираат затоа што има можност да влијаат на зависната варијабла во текот на ова истражување се полот, социјалниот статус на учениците, интелигенцијата, вредностите, интересите, родителите, видот на класот, критериумите на отценување како и притисокот што училиштето го врши врз ученикот за постигнување подобри резултати ви случајов повисок училишен успех.

Варијаблите екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност и отвореност за искуства, и општиот мотив за постигнување се квантитативни и организмени варијабли, додека училишниот успех е квантитавна и ординална.

<u>Екстроверт</u>

Тој е социјабилен, сака забави, има многу пријатели, мутребаат луѓе со кои ќе разговара, не сака многу да чита и да учи ако е сам. Наклонет е кон возбудувања, ја користи секоја прилика во животот, често непотребно се експонира, делува врз основа на моменталното чувство и воопшто е доста импулсивна личност. Сака конкретни шеги, секогаш има спремен одговор за се и сака промени, безгрижен е, животот го сваќа едноставно, оптимистичен е и го сака животот. Сака постојано да е во движење, постојано нешто работи, склон е на агресивни реакции и брзо го губи трпението. Чувствата не ги контролира баш најдобро и знае да биде несигурна личност.

Интроверт

Тој е тивок, личност од типот на самотници, интроспективен е и повеќе сака книги отколку луѓе. Во односот со другите луѓе тој е воздржан, се држи на дистанца освен кон најинтимните пријатели. Планира далеку од напред и не верува во моменталните импулси. Не сака изненадувања, животот го сваќа сериозно, и сака среден начин на живот. Строго ги контролира чуваствата, ретко агресивно се однесува и не го губи лесно трпението. Тој е сигурна личност, помалку песимист, и многу внимание им посветува на етичките норми.

Невротицизам

Тој е анксиозна, загрижена личност која е често лошо расположена и депресивна. Лошо спие и има и други психосоматски тегоби. Претерано е емотивен, интензивно реагира на сите видови дразби, тешко се смирува после секое доживување во кое емоционално се ангажирала. Сето тоа ја присилува ваквата личност да реагира ирационално и ригидно. Постојано се грижи за нешто. Се занимава со работи кои по нејзиното мислење може лошо да се завршат и при тоа доживуваат интензивни, емоционално обоени реакции. Урамнотежената личност реагираемоционално поспоро и поблаго и од секоја состојба на вознемиреност брзо се враќа во основната емоционална состојба. Тоа е најчесто тивка личност, секогаш со слично расположение, знае да се контролира и не се грижи за секоја ситница.

Совесност

Под совесност се подразбира човековата сигурност, доверливост и самоконтрола. Овие луѓе кои поседуваат висок степен на совесност се одговорни, самодисциплинирани, упорни и истрајни. Тие се мотивирани од нивните постигнувања, вложуват доста труд во

работата на која и придаваат големо значење. Тие се доверливи, одговорни, организирани, напорно работат, вредни се и насочени кон успех и постигнувања. Овие личности се внимателни, самодисциплинирани и сериозно ги сфаќаат своите обврски Со соработниците имаат позитивни социјални интеракции и заемен однос на доверба, помагаат, мотивираат и ги поддржуваат другите.

Наспроти нив пак личностите кои поседуваат низок степен на совесност не се добро организирани, не се премногу одговорни и истрајни. Тие се неорганизирани, невнимателни и често неефективни.

Совесноста во себе содржи трудољубивост и уредност. Трудољубивоста го подразбира степенот до кој еден човек е вреден и мотивиран за работа, а уредноста го подразбира степенот до кој еден човек е организиран.

Согласност

Под согласност се подразбира заинтересираноста на личноста за социјална хармонија, добро функционирање со другите во социјалните ситуации и често се поврзува со емоционалната топлина. На едната страна од оваа димензија се наоѓаат карактеристиките како алтруизам, грижа и емоционална поддршка, а на другата страна непријателско однесување, рамнодушност кон другите, егоцентризам и љубомора на другите..

Луѓето со висок степен на согласност се соработливи, доверливи и хумани, добри по природа, лесно простуваат, им помагаат на другите, имаат повисок степен на алтруизам, дарежливи се и соработливи.

Луѓето со понизок степен на согласност почесто се непријателски настроени кон другите и имаат лоша интеракција во социјалните односи.

Отвореност за искуства

Отвореноста за искуства се однесува на креативноста и авантуристичкиот дух на човекот. Интелигенцијата и љубопитноста се карактеристики поврзувани со отвореноста за искуства. Луѓето со повисок степен на отвореност за искуства имаат флексибилен, имагинативен и љубопитен пристап во социјалните ситуации и тие често се спротивставуваат на правилата.

Мотив за постигнување

Личноста со висок скор на МОП тестот се одликува со развиена самодоверба, самопочитување и супериорност. Тој има високо развиена желба за моќ, постигнување и компетенција. Задоволувањето на овие потреби води до чувство на корисност и доволност. Личноста со низок скор на МОП тестот има ниска самодоверба и самопочитување, несигурен е нерешителен, со чувство на инфериорност, слабост и безпомошност.

Училишен успех

Знаењето кое се испитува усмено, писмено и со тестови на знаење, како полугодишна отцена по соодветните предмети. На неа може да влијае тремата на ученикот, стравот на ученикот, критериумот на наставникот итн. Најчесто под училишен успех се подразбира знаењето кое ученикот го стекнува во текот на школувањето и отценките кои се резултат на истото.

Според (Simič-Vukomanovič, Dejanovič, Đonovič & Borovčanin, 2012; Vulić-Protorić & Lončarević, 2016) наставниците се тие кои ја одредуваат успешноста на учениците. Иако нема унифицирена дефиниција за училишниот успех за успешен ученик генерализирано се смета оној ученик кој до одреден степен го совладал знаењето, вештините, ставовите и формите на однесување кои се неопходни за понатамошниот процес на образование а се предвидени и пропишани со наставните програми и планови. Самото отценување во суштина претставува толкување со броеви од страна на наставниците, а се однесува на презентираното знаење од страна на учениците. Со други зборови, оценувањето е процес кој се состои во мерење на постигнувањата на ученикот и вреднување на истото во однос со постигнувањата на другите ученици (Kadžopeljič & Pekič, 2017). Според нив училишниот успех е исход на образованието, додека отценките се повратен одговор од стекнатото знаење. Најчесто се користи нумеричко отценување, со бројки каков што е случајот и во нашето образование, на ординална или рангскала од 1 до 5, при што добиваме податок за редоследот, рангирањата на учениците, но не добиваме податок за разликите во знаењата на учениците, поточно кажано знаеме дека ученикот кој добил отцена 5 знае повеќе од оној кој добил 4, но не знаеме колкава е разликата во знаењата на овие двајца ученици.

Има автори кои сметаат дека училишниот успех е показател на степенот на прилагоденост на ученикот во школскиот систем (Jevtič, 2014), така според овој автор училишниот успех мора да ги зема во предвид освен постигнувањата и резултатите во учењето, и степенот на интегрираност во класот и усвојувањето на друштвените вредности во склад на календарската возраст. Според него училишниот успех е комплексен термин кој освен на образовните резултати се однесува и на однесувањето на ученикот, неговите ставови, уверувања и формираниот систем на вредности.

Училишниот успех најчесто се поистоветува со училишните способности, ефекти и вештини. Вреднувањето на училишниот успех може да биде на повеќе начини, но најчесто се сведува на проценување, тестирање и мерење на знаења. Може да се мери на индивидуално или групно ниво. Просечниот успех на отценките на секој ученик поединечно е мерење на училишниот успех на индивидуално ниво, додека пак со мерење на просечната отценка на едно или повеќе одделенија е мерење на групно ниво на училишниот успех.

Она што може со сигурност да се каже на темата училишен успех е тоа дека тој се однесува токму на исходот и производот на процесот на образование. Така (Corte, 2012), разликува три групи на исход од процесот на образование:

- Добро организирано и достапно усвоено знаење на ученикот,
- Усвојување на стратегии за анализирање и решавање на проблеми или развивање на метакогнитивни стратегии,
- Стекнување на позитивни ставови, уверувања и емоции.

Како што веќе видовме училишниот успех е комлексна конструкција која покрај тоа што зависи од самиот образовен систем зависи и од многу други фактори. Во литературата на (Simič-Vukomanovič, Dejanovič, Đonovič & Borovčanin, 2012; Vulić-Protorić & Lončarević, 2016), наведени се следните:

- Педагошки фактори (стил на учење, атмосфера во училиштето и во одделението),
- Социолошки фактори (социоекономски и културен статус на учениците),
- Психолошки фактори (карактеристики на личноста на ученикот, мотивираност, ставови и сл.).

Понатаму друга поделба на факторите може да биде на:

- Надворешни фактори (семејството, социјалната средина, типот на училиштето),
- Внатрешни фактори (карактеристики на личноста, интелигенција, мотивација, здравствена состојба).

Главен показател на училишниот успех се отценките. Во поширока смисла на значењето на училишниот успех или во случајот отценките влегуваат развојот и промените на ученикот низ активното совладување на материјалот, збогатување на когнитивните вештини, ставови, вредости кои се основа за понатамошно успешно функционирање во сите домени на животот во иднина.

Средниот успех на ученикот или просекот на отценките на ученикот некои автори на пр. (Kuncel & Hezlett, 2010), го сметаат за сигурен предиктор на училишниот успех на учениците, додека други автори на пр. (Muschert & Carr, 2006), сметаат дека просекот на отценките не е најдобар предиктор на училишниот успех на ученикот пред се затоа што не ги вклучува претходните успеси на ученикот. Како друг недостаток се истакнува и тоа што просекот на отцени или средниот успех не е стандардизирана мерка, добиен е од различни предмети така да висока отценка кај некој ученик по предметот математика да речеме не мора да значи и високи отценки по другите предмети на пр. биологија, физока, македонски јазик итн. Покрај тоа просекот не ги отсликува когнитивните, афективните, развојните и социјалните аспекти кои треба да бидат опфатени во процесот на учење и образовниот систем. Училишниот успех има и социјална димензија, се јавува како потреба ученикот да покаже способност, како потреба за припаѓање и како потреба за остварување на почит од страна на другите луѓе. Училишниот успех подразбира желба и потреба ученикот да ги подобри своите квалитети и способности и да биде се поефикасен. Училишниот успех се однесува како на степенот на совладан наставен материјал, стекнување на практични и интелектуални вештини исто така и на стекнување на когнитивни стратегии.

Основната цел на педагогијата и психологијата во образовниот систем е пронаоѓање на уникатни техники и решенија за индивидуалните потреби на секој ученик поединечно.

Познавањето на факторите кои имаат влијание на училишниот успех и воедно на правилниот развој на личноста на ученикот има јасни импликации во развојот на

наставните техники и дизајнирањето на наставните програми, но и за постигнување на подобри резултати на учениците.

Учениците поседуваат различни карактеристики на личноста, различни погледи на светот што неминовно води до различни образовни постигнувања, резултати и социјални реакции. Со ваквите истражувања и анализата на различностите им помагаме на наставниците и стручните служби правилно да се справуваат со индивидуалните разлики помеѓу учениците со цел учениците да постигнат што е можно подобри резултати. Училишниот успех претставува идеален предуслов за истражување на личноста на учениците. Училиштата не се само место каде се стекнува знаење, училиштата се места каде се поттикнува развојот на корисни особини, вештини и начини на однесување. Се почесто акцент се става на стиловите на учење, позитивните верувања, ставовите и емоциите на учениците.

По дефиниција учењето претставува активен, конструктивен, колаборативен, саморегулирачки процес насочен кон одредена цел, т.е. стекнување на знаења и вештини.

Знаењето пак од своја страна се смета за унитарна конструкција што може да се разложи на повеќе домени и области историја, литература, природни науки итн. Досегашните истражувања во областа на училишниот успех покажале дека карактеристиките на личноста ја одржуваат бихејвиоралната основа тенденција неопходна да се постигне подобар училишен успех и се одговорни за тоа што ќе направи ученикот во одредена ситуација, додека пак интелектуалните способности се одговорни за она што може, што е способен да направи ученикот во одредена ситуација. Дефиницијата за интелигенција често го вклучува поимот способност за учење, расудување и постигнување на училишен успех а се манифестира преку промени во однесувањето како резултат на стекнатото искуство. Интелигенцијата се покажала како добар предиктор на училишниот успех, но општите интелектуални способности можат да објаснат само мал процент од постигнатиот успех. Голем удел на училишниот усоех се покажало дека имаат когнитивните ресурси на ученикот.

МЕТОД, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е квантитативно, неекспериментално и корелациско, а тоа произлегува од природата на проблемот и варијаблите кои ги истражуваме.

Во истражувањето ќе биде користен Нео Пи ЕР инвентар на личност кој содржи 240 ајтеми кои се групирани во 5 мета-фактори, од кои секоја има шест различни аспекти, карактеристични за моделот на личност „Големите пет“.

1. Невротицизам

   Субскали (анксиозност, непријателство, депресија, самосвесност, импулсивност и ранливост на стрес).

2. Екстроверзија

   Субскали (топлина, социјабилност, асертивност, активност, барање на возбуда, позитивни емоции).

3. Отворенист

   Субскали (фантазија, чувство за естетика, чувства, активности, идеи и вредности).

4. Согласност

   Субскали (доверба, искреност, алтруизам, согласност, скромност и нежност).

5. Совесност

   Субскали (компетентност, ред, чувство на одговорност, стремеж за достигнување, самодисциплина, мисловност во одлука или дејство).

На ајтемите испистаниците одговараат со заокружување на 1- ако во потполност не се сложуваат, 2- ако воглавно се согласуват, 3- ако не можат да се одлучат затоа што тврдењето е подеднакво точно или неточно, 4- ако воглавно се сложуваат и 5- ако во потполност се сложуваат. Резултатите се добиваат на тој начон што се собираат скоровите за секоја од субскалите посебно, се добива по еден скор за секоја субскала,

потоа збирот од шесте субскали го дава вкупниот скор за секоја од петте црти на тој начин за секоја црта се добива по еден вкупен скор кој го изразува степенот на поседување на варијаблата. Потоа добиените резултати се интерпретираат според посебни упатства.

Мотивот за постигнување ќе се мери со тестот МОП кој содржи 54 ајтеми и мери три вида на мотиви: општ мотив за постигнување, позитивна емоционална ангажираност и негативна емоционална ангажираност. Испитаниците одговараат со заокружување на еден од приложените одговори под А, Б, В или Г кој најмногу се однесува на нив. Бодувањето е со помош на три шаблони, при што се бодуваат само оние одговори кои се поклопуваат со шаблонит, а вкупниот број на таквите одговори го даваат скорот што испитаникот го постигнал на соодветните скали.

Училишниот успех ќе го добиеме од училишните дневници на соодветните класови, при што од полугодишните отценки ќе биде добиен збир кој потоа се дели со вкупниот број на предмети кои се изучуваат во текот на таа школска година. Постапката ќе биде поразлична кај учениците со слаби отценки, кај кои нема да биде пресметуван среден успех, туку без разлика на тоа колку слаби отценки имаат ќе бидат сврстени во категоријата на ученици со недоволен успех.

ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Популација, ученици на возраст од 17 до 18 години запишани во редовното средно образование во Прилеп, Република Македонија во учебната 2019/20 година.

Примерок-,се избира намерен примерок. Испитаниците се избираат по следните критериуми. Да бидат на возраст од 17-18 години, да се запишани во редовно средно стручно или гимназиско образование на територијата на град Прилеп, во текот на учебната 2019/20 година.

Примерокот е составен од сто испитаници и е хетероген по однос на полот, типот на училиштето, интелектуалните способности, социјалната средина од која потекнуваат, родителите итн.

СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Статистичките постапки кои ќе се употребат се,

-дескриптивни мерки

-анализа на варијанса

-релациска анализа

ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се врши во месец Март 2020год. во четири средни (гимназиски и стручни) училишта во Прилеп. Опфатени се учениците од четврта година од Гимназијата „Мирче Ацев"; СОУ „Ѓорче Петров"; СОЕПТУ „ Кузман Јосифоски-Питу" и СОУ„ Орде Чопела ". Истражувањето се спроведуваше во соодветните смени на учениците попладне или предпладне на класен час во просториите на училиштата. Истражувањето се одвиваше во текот на четири недели од месеците Февруари и Март. Истражувачот ги информира испитаниците за целта на истражувањето и начинот на работа. Им беше соопштено дека нивната соработка е од потенцијална корист за истражувачот и овој магостерски труд. Испитаниците добија инструкции за работа, и им беше дадена можност за појаснување и соработка при било какви нејаснотии.

Понатамошната обработка на податоците течеше во три фази:

- Бодување на одговорите на испитаниците
- Средување на податоците
- Статистичка обработка.

При обработката на податоците беше користена статистичката постапка анализа на варијанса со помош на SPSS програмата. Анализата на варијансата е статистичка постапка која се применува за тестирање на значајност на разликите меѓу три или повеќе аритметички средини, применлива во случаи како ова истражување кога имаме повеќе серии на податоци кои ги следиме истовремено.

РЕЗУЛТАТИ

Резултатите ќе бидат прикажани според редоследот со кој што се прикажани хипотезите.

Најнапред ќе бидат дадени основните статистички податоци за секоја варијабла.

Табела 1.

	Испитаници	Мин	Мак	Mean	Variance
Екстроверзија	121	78	188	154.18	277.400
Невротицизам	121	88	184	147.26	245.296
Совесност	121	87	186	160.61	318.006
Согласност	121	86	186	153.35	287.462
Отвореност за соработка	121	80	193	157.98	296.433
Позитивна емоционална ангажираност	121	0	11	5.46	5.701

Негативна емоционална ангажираност	121	0	12	6.55	10.133
Општ мотив за постигнување	121	1	22	11.08	13.226
Училишен успех	121	1	5	3.06	2.872

Од податоците презентирани во Табела 1. за варијаблата екстроверзија гледаме дека густината на скоровите е високо над просекот. Опсегот на скоровите се движи од 78 до 188, аритметичката средина е 154.18. Добиените резултати значат дека поголем број од испитаниците се наоѓаат во димензијата екстроверзија, а помал дел од испитаниците се наоѓаат во димензијата интроверзија.

За варијаблата невротицизам гледаме дека густината на скоровите е поголема високо над просекот. Опсегот на скоровите се движи од 88 до 184, и аротметицка средина 147.26. Тоа значи дека поголем дел од испитаниците се наоѓаат во димензијата невротицизам.

Што се однесува до варијаблата совеснот, опсегот на скоровите се движи од 87 до 186, имаме аритметичка средина 160.61 и може да видиме дека исто така густината на скоровите на испитаниците е високо над просекот, што значи дека оваа димензија е поизразена од димензијата несовесност кај испитаниците.

Варијаблата согласност од приложените дескриптивна статистика која ни служи за сликовито прикажување на распоредот на испитаниците и резултатите, се гледа дека е повеќе изразена кај испитаниците во однос на нејзината спротивна димензија. Опсегот на скоровите овде е од 86 до 186, аритметичката средина е 153.35.


Од табела 1 може да се види дека испитаниците се повеќе отворени за соработка, отворени за нови искуства, со високо ниво на љубопитност и креативност. За оваа варијабла имаме распон на скоровите од 80 до 193 и аритметичка средина 157.98.


Што се однесува на варијаблата позитивна емоционална ангажираност, емоционална самоконтрола и емоционална стабилност можеме да заклучиме дека најголема густина на скоровите е околу просекот, распонот на скоровите е од 0 до 11, и аритметичка средина 5.46, додека негативната емоционална ангажираност, инхибиција и нестабилност во ситуации на постигнување е нешто повисоко од просекот, опсегот на скоровите е од 0 до 12, аритметичката средина 6.55 што значи дека поголем дел од учениците кога се наоѓаат во одлучувачки ситуации, како што се усно испитување, писмени работи, реагираат со емоционална инхибиција, емоционална нестабилност и прибегнување кон разни механизми на одбрана.

Кај општиот мотив за постигнување висок скор значи самодоверба, сигурност, самопочитување и супериорност. Опсегот на скоровите се движи од 1 до 22, аритметичката средина е 11.08. Испитаниците се групирани околу просекот на димензијата без разлика на училишниот успех.

Училишниот успех пак ни покажува дека 121 испитаник, од четири различни училишта за средно образование, гимназиски и стручни имаат среден успех под просекот, или помалку од очекуваното 3.06.

Следува и графички приказ на Табела 1.


350
300
250
200
150
100
50
0
1
Екстроверзија
Невротицизам
Совесност
Согласност
Отвореност за искуства
Училишен успех



14
12
10
8
6
4
2
0
1
Позитивна емоционална ангажираност
Негативна емоционална ангажираност
Општ мотив за постигнување
Училишен успех

Исходот од статистичката обработка за варијаблата екстроверзија е даден во Табела 2

Табела 2. Резиме на анализа на варијанса (екстроверзија, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	117.728	49	2.403	.752	.854
Во групи	226.867	71	3.195		
Вкупно	344.595	120			






Хипотезата 1. Постои поврзаност помеѓу цртата на личност екстроверзија и училишниот успех (колку е поизразена цртата на личност екстроверзија толку е послаб училишниот успех) ја отфрламе затоа што добиеното F = 0.752 не ја надминува критичната вредност, тоа е мало и не е значајно на ниту едно ниво на значајност. Од тука може да заклучиме дека екстроверзијата не влијае на училишниот успех, а варирањата помеѓу групите се мали и може да се препишат на факторот случајност.

Табела 3. Резиме на анализа на варијанса (невротицизам, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	136.636	48	2.847	.986	.515
Во групи	207.960	72	2.888		
Вкупно	344.595	120			






Статистичката обработка на Хипотеза 2. Постои поврзаност помеѓу цртата на лицност невротичност и училишниот успех (колку е поизразена цртата на личност невротичност, толку е послаб училишниот успех) е прикажана во третата табела. Добиеното F = 0.986 не ја надминува критичната вредност и не е статистички значајно, така да можеме да изведеме заклучок дека невротичноста не влијае на училишниот успех. Малите варијации помеѓу групите можат да се препишат на факторот случајност.

Табела 4. Резиме на анализа на варијанса (совесност, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	181.828	50	3.637	1.564	.042
Во групи	162.767	70	2.325		
Вкупно	344.595	120			






Од податоците добиени со статистичката обработка од Табела 4 може да се види дека добиеното F = 1.564 не е статистички значајно на ниту едно ниво. Тоа значи дека хипотезата: Постои поврзаност на цртата на личност совесност со училишниот успех (колку е поизразена цртата на личност совесност, толку училишниот успех е подобар) ја отфрламе т.е. совесноста како црта на личноста не влијае на училишниот успех, малите варијации помеѓу групите се должат на факторот случајност.

Табела 5. Резиме на анализа на варијанса (согласност, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	117.378	47	2.497	.802	.789
Во групи	227.217	73	3.113		
Вкупно	377.95	120			





Од Табела 5 гледаме дека F = 0.802 не е статистички значајно, така да хипотезата Постои поврзаност на цртата на личност согласност и училишниот успех (колку е поизразена цртата на личност согласност, толку е послаб училишниот успех) ја отфрламе бидејќи таа не се потврдува во истражувањето според добиените резултати. Цртата на личност согласност значајно не влијае на училишниот успех, разликите и варијациите помеѓу групите може да се препишат на факторот случајност.

Табела 6. Резиме на анализа на варијанса (отвореност за соработка, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	179.057	49	3.654	1.567	.041
Во групи	165.538	71	2.332		
Вкупно	344.595	120			






Во Табела 6, добиеното F=1.567 кое не е статистички значајно ни дава податок дека не постои поврзаност на цртата на личност отвореност за соработка и училишниот успех. И во овој случај дадената хипотеза Постои поврзаност помеѓу цратат на личност отвореност за соработка и училишниот успех (колку е поизразена цртата на личност отвореност за соработка и нови искуства, толку е подобар училишниот успех) се отфрла,бидејќи не е потврдена.

Табела 7. Резиме на анализа на варијанса (позитивна емоционална ангажираност, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	30.499	11	2.773	.962	.485
Во групи	314.096	109	2.882		
Вкупно	344.595	120			






Во Табела 7 ги имаме резултатите од статистичката обработка на податоците за хипотезата Постои поврзаност помеѓу позитивната емоционална ангажираност и училишниот успех (колку е повисока позитивната емоционална ангажираност, толку е поголем училишниот успех). Поради F = 0.962, кое не е статистички значајно, ја отфрламе хипотезата како непотврдена, тоа значи дека позитивната емоционална ангажираност не влијае на училишниот успех.

Табела 8. Резиме на анализа на варијанса (негативна емоционална ангажираност, училишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	20.533	12	1.711	.570	.862
Во групи	324.062	108	3.001		
Вкупно	344.595	120			







Во Табела 8 прикажани се резултатите од статистичката обработка на хипотезата за поврзаноста на негативната емоционална ангажираност и училишниот успех. Со оглед на F = 0.570 кое не е статистички значајно ја отфрламе хипотезата бидејќи не е потврдена, што значи дека негативната емоционална ангажираност не влијае на училишниот успех.

Табела 9. Резиме на анализа на варијанса (општ мотив за постигнување, учичишен успех)

Извор	Сума на квадрати	df	Среден квадрат	F	Sig
Помеѓу групи	65.793	19	3.463	1.254	.231
Во групи	278.802	101	2.760		
Вкупно	344.595	120			





Добиеното F = 1.254 е мало и статистички не е значајно, а варирањата помеѓу групите се мали и се должат на факторот случајност. Така да хипотезата Постои поврзаност помеѓу општиот мотив за постигнување и училишниот успех (колку повисок мотив за постигнување, толку подобар училишен успех) ја отфрламе и констатираме дека општиот мотив за постигнување не влијае на училишниот успех.

ДИСКУСИЈА

Ова истражување беше спроведено со цел да се утврди поврзаноста на цртите на личност екстроверзија, невротицизам, совесност, согласност, отвореност за соработака и мотивот за постигнување со училишниот успех.

Од добиените и презентирани резултати може да се констатира дека цртите на личност екстроверзија, невротициза, совесност, согласност и отвореност за соработка се високо изразени кај учениците без разлика на училишниот успех. Позитивната емоционална ангажираност е со средна изразеност, доминираат негативната емоционална ангажираност и општиот мотив за постигнување кои се повисоко изразени кај учениците испитаници и тука независно од училишниот успех. Разликите помеѓу групите се мали, и статистички не се значајни затоа се препишуваат на факторот сличајност.

Цртите на личност прв ги истакнува Олпорт, тој го нагласува единството и неповторливоста на личноста. Олпорт подвлекува дека цртите на личноста се специфични и неповторливи за секоја единка. Според Т. Николсоки (1996г), постојат извесни психолошки наоди врз основа на кои може да се заклучи дека цртите на личноста влијаат на успехот што се постигнува во одредена работа. Но постојат покрај разликите и сличности во цртите на личност на пример кај некои занимања. Цртите се поопшт вид на доследност во обносувањето, исто така и другите димензии на личноста можат да се третираат како црти на личноста. Така на пример интересите се однесуваат на конзистентноста во насочувањето на вниманието кон одредени објекти или активности. Исто така вредностите кои пак се цели за кои што лицето верува дека се пожелни. Од тука произлегува дека обносувањето на единката покомплексно и зависи од цеелокупноста на личноста а не само од одредени димензии на личноста како што на пример во оваој труд се екстроверзијата, невротицизмот, совесноста, согласноста, отвореноста за соработка и мотивот за постигнување.

Мотивот за постигнување се наоѓа највисоко во хиерархијата на мотиви за кои зборува Маслов. Мотивот за постигнување според него е стекнат мотив. Во хиерархијата на мотиви на Маслов задоволувањето на потребите кои стојат во основата на мотивите оди според одреден редослед. Прво треба да се задоволат потребите кои се наоѓаат во основата

на хиерархијата или потребите од пониско ниво “ нижите мотиви ”. Тука спаѓаат основните физиолошки потреби, задоволувањ на потребите за глад, жед, сон и потребите за сигурност, па потоа задоволување на “ вишите потреби ” а тоа се на прво место потребата за љубов и припаѓање, потоа потребата за почитување и уважување, и највисоко во хиерахијата се наоѓаат мотивот за самопочитување и актуелизација. Високата изразеност на мотивот за постигнување добиена при ова истражување може да се објасни на повеќе начини. Имено дали овој мотив ќе се стекне и до кој степен ќе се развие зависи од постапките на родителите спрема децата Доколку родителите поставувале благопријатни и умерено високи цели, ако постапувале неавторитативно во процесотна поттикнување на детето, ако го охрабрувале во постигнувањето на целите, тогаш кај тие деца ќе се развие силен мотив за постигнување. Понатаму врз развојот на овој мотив големо влијание имаат и училиштето и социјалната средина.

Покрај ова на неконзистентноста на резултатите влијаат и други фактори кои во истражувањето не беа контролирани, како на пример способностите, вредностите, интелигенцијата, социјалниот статус, образованието на родителите итн.

Една манифестација на мотивацијата се интересите, така да може да се претпостави дека тие можат да го предвидат изворот и успехот на одредена работа, тоа би значело дека помотивираните лица повеќе ќе се трудат да постигнат повеќе и подобри резултати, во одредени сличаи тоа се потврдува додека во други не.

Најверојатно интересите диктираат дали некој ќе продолжи со одредена активност, меѓутоа на успехот на таа активност ќе влијаат и другите фактори. Еден ученик може да постигнува добар успех по предмети кои не ги сака, ако на пример сака високи отценки од други причини, на пример заради самопочитување, да се биде прифатен од врсниците, заради продолжување на образованието и др. Некои ученици може да постигнат подобри резултати во учењето доколку вложат повеќе напор, но не вложуваат каков што е и исходот на ова истражување каде добиваме понизок среден успех од очекуваниот. Способностите на учениците остануваат неискористени и нивните постигнувања не се во согласност со очекувањата што им се наметнуваат. Повторно ќе го подвлечам резултатот на ова истражување, каде добивме високи скорови на цртите на личност екстровертност, согласност, совесност, отвореност за соработка и мотивот за постигнување а низок

училишен успех. Доколку лицето поседува минимум способности за да го заврши успешно обучувањето или за успешен почеток во најгочем број на сличаи додатната способност не е поврзана со успехот.

Успехот дефиниран во смисла како лицето напредува во одредено поле, повеќе е одраз на карактеристиките на личноста, интересите, сликата за себе, мотивацијата како и специфичните ситуациони фактори кои што не зависат од личноста. Врз задоволството од работата поголемо влијание имаат способностите одколку обратно, меѓутоа може да се очекува задоволството да влијае на насоката и на степенот на користење на способностите.

Според Николоски (1996г), група на истражувачи нашле разлики во интензитетот на мотивот за постигнување кај различни класи во САД. Имено припадниците на работничката класа имаат поизразен мотив за постигнување, што се манифестира во голема настојчивост за напорно професионална подвижност. Адолесцентите од средната класа се повеќе свесни за потребата за постигнување отколку припадниците на горната класа.

Лицата со развиен мотив за постигнување пред себе си поставуваат умерени цели, кои можат да ги постигнат, не сакаат ризик и преферираат ситуации во кои веднаш се гледа напредок.

Врз успехот влијаат и работните вредности. Истите се формираат релативно рано и уште во училиште детерминираат одредено однесување на учениците.

Од сите фактори кои влијаат на успехот во образованието, најважен фактор е интелигенцијата. Таа е под влијание на социоекономскиот статус и тука посебно станува збор за вербалната интелигенција. Според Николоски (1996г), Хопсен зборува за високоаспиранти и нискоаспиранти. Нискоаспирантите доаѓаат од семејства со ниски приходи и постигнуваат повисоки скорови на вербалните тестови. Овие ученици можат да постигнат висок успех доколку се правилно охрабрувани и ако имаат добра настава. Високоаспиративните доаѓаат од семејства со високи приходи и имаат високи скорови на вербалните тестови. Тие се мотивирани да псотигнат висок училишен успех, но псотигнувањата од година во година стануваат се потешки. Брзо напредуваат во првите

години од образованието, но покасно кога не се доволни само вербалните способности, кога веќе е потребно резонирање и разбирање тие стагнираат.

Важен фактор во развојот на личноста се и врсниците, преку кој детето совладува одредени облици на однесување како на пример толеранција, алтруизам, Добрите односи со врсниците во средното детство исто така играат голема улога во развојот и тоа не само што влијаат на психосоцијалното прилагодување и школување, влијаат и на психосоцијалната адаптација во адолесценција па дури и во зрелата возраст. Учениците кои остваруваат позитивна врска со врсниците манифестираат просоцијално однесување, имаат позитивен став кон воспитно образовниот процес и постигнуваат подобар училишен успех. Прифатеноста од страна на врсниците претставува академска и социјална цел која има директна, позитивна врска со училишниот успех. Социјалната интеракција се однесува на сите процеси кои се одвиваат во една социјална ситуација помеѓу членовите на еден социјален систем (Havelka, 2008). Во однос на училишната средина тоа претставува процес и случувања помеѓу учениците, а социјалната интеракција е насочена кон остварување на одредена цел. Со однесувањето и постапките учениците влијаат едни на други.

Интеракцијата со врсниците има многу важно влијание на развојот на поединецот во социоемоционалниот и когнитивниот аспект. Низ интеракција, компромиси и преговарања се учат важни социјални вештини и созрева емпатијата, придонесува за подобар когнитивен развој и подобар училишен успех (Spasenovič, 2008). Прифатеноста од страна на врсниците и квалитетот на социјалните односи резултира со чувство на задоволство кај ученикот, што пак од своја страна ги задоволува потребите на ученикот за прифаќање и припаѓање, за интимност и друштвеност, тој се чувствува задоволен, исполнет и мотивиран за учење. Додека пак социјалната неприлагоденост предизвикува непријатни емоционални доживувања, осаменост и повлеченост и дефицит во однос на мотивот за постигнување и постигнување послаб училишен успех. Социјалната компетенција ја сочинуваат 5 сегменти:

- Просоцијален став (ниво на интерес и грижа за другите),
- Социјални вештини (вештини на социјално однесување кои можат да се забележат),
- Емпатичност (способност за соживување со чувствата на другите),

- Емоционалност (степен до кој личноста е емоционално осетлива),
- Отсуство на социјална анксиозност (недостаток на самодоверба), (Buljubašič-Kuzmanovič, 2010; Maltby, Day, Macaskill, 2010).

За да може ученикот да комуницира на соодветен, конструктивен начин потребно е да го разбира системот, структурата на другата личност и да го предвиди неговото однесување.

Тоа е потребно пред се за да се модифицира сопственото однесување во корист на ситуацијаат или одредената цел. Општествените односи вклучуваат взаемно приспособување помеѓу учесниците во социјалната интеракција. Кога адолесцентите манифестираат однесување слично со она на врсниците, тогаш тие се прифатени, доколку пак манифестираат однесување поразлично од она на врсниците тогаш тие се отфрлени и изолирани. Социјалната компетентност е збир од повеќе различни видови на вештини, статус на групата на врсници и успешност во интерперсоналните односи. За највисок степен се смета социјалната интеракција насочена кон одредена цел. Но не е важен само квантитетот туку и квалитетот на самиот однос помеѓу врсниците. Посебно важен период од развојот на личноста претставува адолесценцијата, кога младите луѓе ја прошируваат социјалната интеракција, се стремат да се прикажат како соцојално компетентни и интелигентни, се со цел да се задоволи потребата за сабеприфаќање и припадност. Прифаќаањето најчесто се темели на факторот привлечност, исти ставови, вредности,однесување. Можат да се детектираат два вида на социјална интеракција, и тоа социјална прифатеност и популарност. Популарноста се однесува на доминантноста и забележителноста во социјалната средина и е примарна цел на повеќето адолесценти. За време на адолесценција социјалната прифатеност е негативно поврзана со училишниот успех, што значи дека социјално прифатените ученици не постигнуваат висок училишен успех.

Покрај влијанието на учениците кое во овој развоен период на адолесценција е примарен, многу големо влијание врз постигнувањата на ученикот има и семејството како основна клетка каде расте и се развива детето. Семејството е неразделлив дел од општеството и цивилизацијата, и успевало помалку или повеќе успешно да опстојува во текот на годините и покрај големите економски, политички и културни предизвици. Се трансформирало низ годините заедно со трансформацијата на општеството

прилагодувајќи се на неговите барања и потреби. Семејството е примарна, општествена и биолошка заедница во која што членовите се одредени од истите тие комплексни био-психо-социјални причинители и фактори.

Во контекст на социјалниот развој на личноста семејството е многу важен фактор. Тука во семејството се воспоставува првата емотивна врска родител-дете која понатаму е главен фактор за за развој на социјалната компетенција и постигнувањето на социјална зрелост.

Емотивните врски создадени во детството се основа за понатамошниот развој на децата на емоционален, социјален и интелектуален план. Самодовербата, довербата, емотивната зрелост и социјалните вештини се формираат рано во детството во склопот на семејството преку интеракцијата со родителите. Две димензии се основна карактеристика на успешното родителство, родителска блискост и топлина и родителска контрола. Со комбинација на овие две димензии се добиваат три стилови на родителство: авторитетен (почитување на индивидуалноста, пружање на подршкаи воспоставување на јасни граници наоднесување), авторитарен (доминација, кнтрола, отсуство на разбирање и емоционална топлина) и пермисивен родителски стил (емоционална топлина, отсуство на контрола). Најчесто децата на авторитативните родители имаат позитивна слика за себе, развиваат добри социјални вештини и успешна контрола на емоциите, додека децата на авторитарните родители се несигурни, имаат проблеми со врсниците и склони се кон антисоцијално однесување. Кај пермисивниот родителски стил децата имаат потешкотии во стекнувањето на социјално прифатливи норми и правила на однесување и често пати развиваат анти-социјално однесување. Baumrind истакнува дека авторитативниот родителски стил е значајно супериорен во развојот на општата и социјалната компетенција на децата за разлика од пермисивниот и авторитарниот родителски стил.

Семејството е основата, темелот на личноста. Тука започнува примарната социјализација. Преку интеракцијата со родителите покасно и со врсниците, роднините, воспитувачите во еден долг временски период детето развива вештини на комуникација со околината и со тоа ја развива својата социјална компетенција. Социјалната компетенција се состои од неколку делови:

- Способност за градење на добри односи (емпатија, сочувство и разбирање на чувствата на другите),

- Способност за соработка (усогласување на своите цели и потреби со барањата на друштвото),
- Способност за управување и разрешување на настанатите проблеми.

Успешната социјализација значи способност за социјално разбирање т.е. предвидување на туѓите реакции и разбирање на туѓите чувства.

Уште еден фактор кој влијае на училишниот успех е притисокот што училиштето го прави врз ученикот за постигнување на подобри резултати. Некои училишта прават поголем притисок врз учениците, така да успехот не е резултат на иницијативата на ученикот туку на притисокот на училиштето.

Како заклучок можеме да го истакнеме фактот дека училишниот успех зависи од повеќе фактори. Личноста мора да се земе во предвид во целина а не само одделни нејзини димезии. Покрај цртите на личност кои ги истражувавме во овој труд мора да се замат во предвид и способностите, интересите, вредностите, интелигенцијата, социјалниот статус, видот на училиштето и др.

Добиените резултати во истражувањето се објаснуваат со неконтролирањето на сите фактори, а соодветсвуваат со општата социоекономска состојба во нашето општество.

Во 80-те години во рамките на светската научна психологија поинтезивно се истражува поврзаноста на когнитивниот развоја во адолесценција, развојот на сликата за себе и самосвеста со училишниот успех.

Сликата за себе била проверувана развојно и во врска со училишниот успех (Мицковски 1993), резултатите покажале дека училишниот успех значајно колерира со општата и академската слика за себе. Развојот на различните аспекти пак на сликата за себе зависи од развојот на когнитивно – операционалните структури, т.е. формално – операционалното мислење е суштествено за постигнувањата на психосоцијален план во периодот на адолесценција и за зрело персонално функционирање воопшто.

Во научната психологија како да се издвојуваат две календарски гранични линии. Едната е од 14 – 15 година, тоа е преоден период на мислење, другата е од 17 – 19 година кога

посизразено е присуството на формалните операции во когнитивниот развој за адолесцентите.

Ваквите вертикални движења во поглед на календарска возраст и појавата на формално – логичното милсење во теоријаат на Piaget се објаснува со социокултурните разлики, особено со разликите во организацијата и поставеноста на образовните системи во различни земји и култури. Тој исто така предпоставува дека разликите во квалитетот и фреквенцијата на интелектуалната стимулација од возрасните добиена преку можностите за спонатана активност на децата и адолесцентите всушност зависи од брзината на развојот на претходните стадиуми. Основно според него за развој на формалните операции е стимулирачкиот амбиент, при што многу се важни облиците на кооперација, соработка, дискусии, критика, подршка, решавање и откривање на проблеми, размена на информации.

Според Виготски, врз когнитивниот развој голема улога има школското учење. Како медиум низ кој се остварува когнитивниот развој ни се јавува училиштето и неминовно се поставува прашањето за карактеристиките на образовниот систем во нашата држава. За жал нашиот образовен систем се потпира на претежно готови знаења, стимулира вербално, рецептивно и механичко учење наместо активно учење и со самото тоа нашио образовен систен поттикнува репродуктивен тип на знаења, и не претставува баш плагопријатна средина за интелектуална стимулација. Ова е уште еден податок кој го поткрепува резултатот на спроведеното истражување. Различните стадиуми на формалните операции адолесцентите ги достигнуваат во различни области, според специфичните способности интересите и мотивите.

Според Piaget училишната средина за да биде стимулирачка средина за когнитивниот развој на адолесцентите мора да се потпира на четирите базични принципи.

- Да се поттикнува подготвеноста, внатрешната мотивација да се направи нешто
- Образовните содржини секогаш да содржат нешто ново што ќе предизвика когнитивен конфликт
- Наставните методи да поттикнуваат на акција
- Мора да се има познавање на развојниот степен ученикот

Образованието како суштинска квалитативна промена која треба да ја поттикне во сознајната активност на адолесценто е да мисли за мислењето. Мислењето на адолесцентот претставува богато когнитивно средство за учење и сознавање и истовремено основа за когнитивен и лечен развој.

Како и што видовме во случајот на ова истражување, дали и колку ќе биде мотивиран адолесцентот да ги искористи своите потенцијали и способности во голема мера зависи од воспитно – образовните услови.

Големо влијание на развојот на потенцијалите на адолесцентот имаат и врсничките интеракции во групите и компромисите или несогласувањата во тие интеракции кои можат да бидат и примарна причина за когнитивен развој.

Во самоописите на адолесцентите од 14 до 19 годишна возраст позабележително е социјалното јас, за разлика од другите возрасти бидејќи во оваа возраст на адолесцентите особено им е важно прифаќањето од страна на другите и врсниците.

Развојот на формалните операции понатаму придонесува за развојот на сликата за себе и селф концептот. Во оваа фаза на развојот кога многу е важно мислењето на другите поединци или групата на сите нивоа, односот наставник ученик треба пред се да го негува самопочитувањето на личноста на адлесцентот, ученикот и развој на адекватна и ппроверена слика за себе. Ова укажува на неопходноста на основната цел на воспитно образовниот процес токму во развојот на личната компетентност, ефикасност, себепочитување и себеприфаќање.

Кога адолесцентот ќе се соочи со прашањето на личниот идентитет почнува да се однесува како вистински истаржуавч. Благодарение на квалитативните и квантитативните промени во сознајните активности, адолесцентот станува станува способен од когнитивните репрезентации и симболи кои веќе ги совладал како средства и содржини на мислење да формира нови репрезентации и симболи не секогаш повикувајќи се на практичното искуство.

Когнитивните промени се отсликуваат во однесувањето на адолесцентот, тој живее во сегашноста но многу повеќе е сосредоточен на иднината и можностите и веројатностите.

Неговиот концептуален свет изобилува со неформални теории за себе, за животот, теории како за сопствената така и за општествената иднина, поточно кажано адолесцентот е полн со идеи и замисли далеку пред релната непосредна ситуација.

Полека адолесцентот почнува да ги открива различните модели на апстрактно мислење, ја осознава сопствената сознајна и практична супериорност во однос на предходниот развоен период детството, т.е. во однос на конкретното мислење. Ваквата когнитивна ориентација доколку наиде и на најмала подршка во ситуациите на социјалните учења и социјалното однесување значително ќе влијае на сите свери на психо – социјалниот развој на адолесцентот.

Квалитативните промени на интелектуалните функции и зголемувањето на социјалните искуства влијаат во промените на однесувањето на адолесцентот кон се што доживува или перцепира како детерминанта на однесувањето. Со зголемување на стремежот кон автономност и рамноправност во интерперсоналните односи се зголемуваат барањата, ограничувањата и поттикнувањата кои доаѓаат од социјалната средина. Често пати покрај своите лични потреби, желби, интереси, намери, адолесцентот ги прифаќа социјалните стандарди, норми и вредности.

Со развојот на формално – апстрактното мислење, како и со ширење на радиусот на социјалниот простор, интерперсоналните улоги и комуникации на адолесцентот доаѓа и до квалитативни промени во моралното мислење и судење на адолесцентот. Така да адолесцентот почнува да експериментира со идеите, со моделите и социјалните улоги, интензивно градејќи ја сликата за себе. Во реакциите на социјалната средина адолесцентот бара информации каков е и каков може да биде. Кај адолесцентот егоцентричниот карактер во вид на детално разработување на идеите за себе, чувствата, мислите, сваќањата, постепено се повлекува пред потребата адолесцентот да го утврди својот социјален идентитет пред ефектите од процесот на неговата социјализација. Тоа е тесно поврзано со напорите на адолесцентот да изгради сопствен систем на вредности, сопствен личен идентитет и сопствен поглед на светот.

Од овде може да се заклучи дека помеѓу развојните когнитивни промени и развојот на сликата за себе и личниот идентитет многу важна улога има социјалниот контекст на личноста, биолошкиот капацитет на личноста и календарската возраст.

Salovey и Mayer (1994) ги посочуваат емоциите како камен темелник за разбирање на интелектуалниот развој и развојот на сликата за себе. Воведуваат посебен термин „ емоционална интелигенција „ а го дефинираат како начин на идентификување и организирање на специфичните способности неопходни да се разберат и доживета лчните и туѓите емоции на најадаптабилен начин. Што би значело способност за проценка на сопствениот емотивен живот, рангирање на афектите, емоциите, поточно капацитетот на личноста да направи идентификација и дискриминација на чувствата, да ги означи, да ги претвори во симболи , да им даде значење на истите и да ги разбере.Емоционалната интелигенција според нив претставува адаптабилни способности на личноста кој се вметнати во социјалната перцепција, социјалната интелигенција и социјалната компетентност. Таа влијае во планирањето на акциите, организацијата на творечките активности, помнењето и заклучувањето.

Chiam, Hong и Dweck (1994), посочуваат дека интелигенцијата, т.е. апстрактно – логичкото мислење и селф концептот вклучувајќи го себепочитувањети и себеприфаќањето како основни афективно мотивациони процеси на личноста се различни конструкти само во ниваната латентна форма. Под поимот интелигенција тие наведуваат три аспекти: ментални, мисловни операции, способности и знаења и сознајни процеси кои придонесуваат за адаптивно однесување и успешно решавање на проблемите.

Современата психологија според Sternberg (1994), треба да се интересира преку истражувањата да го објасни односот помеѓу интелигенцијата и личноста, Според него не се најважни когницијата, интелигенцијата, операциите и постигнувањата туку односот помеѓу интелигенцијаат и личноста кој најдобро се согледува преку стиловите на мислење под кои се подразбира користење на една или повеќе способности. Тие директно ја одразуваат врската помеѓу когнитивното и личноста. Можат да се учат, да се развиваат и со самото тоа се под директно влијание на наставниот стил на наставниците на било кое воспитно – образовно ниво. При тоа тој потенцира постоење на два основни стилови. Едниот е предоминантен или конзервативен, круто придржување до постоечките правила и избегнување на двосмислени ситуации секогаш кога е можно. И другиот е прогресивен стил кога индивидуата сака да ги проширува постоечките правила, да ги максимализира промените, да бара и наоѓа невообичаени и оригинални ситуации и да не бега од двосмислени и несигурни ситуации. Динамичниот модерен стил на живот постепено го

истиснува традиционалниот модел на образование и на негово место доаѓа проспективно образование свртено кон потенцијалното, можното, евентуалното. Овој тип на образование ја стимулира личноста да биде ориентирана кон продуктивното многу повеќе отколку кон репродуктивното знаење и мислење. Знаењата ќе се потпираат на генерирање, иницирање, авторизирање а не на меморирање и репродуцирање. Ваквата хуманистичка парадигма во образовниот систем му придава подеднакво значење како на когнитивната така и на личносната компонента на адолесцентот, на развојот на чувството на себепочитување, чувството на лична вредност, себеприфаќање и лична компетентност.

Во текот на воспитно образовниот процес хиерархијата, класификацијата на афективните цели подразбира опис на промените во интересите, ставовите, како и во развојот на вредностите и адекватна адаптација. Целите никогаш не се сосема прецизни и на тој начин го отежнуваат справувањето на наставниот кадар со изборот на соодветни постапки во воспитно образовниот процес кој одговараат соодветно на тие цели. Покрај тоа и тоа како се важни внатрешните чувства и надворешните манифестации на однесувањето.

За организирање и развој на афективното подрачје според Krathwohl во воспитно образовниот процес основна улога има процесот на интернализација кој упатува на внатрешниот развој на личноста, индивидуата да стане свесна и да ги прифаќа ставосвите, принципите, правилата и забраните во текот на образовниот процес. Стануваат дел од него, учествуваат во формирањето на вредносните судови и управуваат со неговото однесување.

- На најниско ниво хиерархиски се наоѓа подготвеноста за следење на наставата. Ова ниво има три поднивоа и тоа свесност или постоење на внимание за следење на нови и специфични содржини, потоа подготвеност за волјево примање на информациите и на крај контрола или селективно внимание.
- На второто ниво се наоѓа подготвеноста за одговарање, реагирање. И овде имаме три поднивоа и тоа кога ученикот се согласува да одговара, кога е спремен да одговара,реагира и највисоко ниво кога чувствува задоволство од одговарањето.
- На највисокото трето ниво е вреднувањето кое е повеќе социјален продукт кој полека се интернализира. И тука се разликуваат три поднивоа и тоа просто прифаѓање на

вредноста, преферирање на вредноста и приврзаност или лично ангажирано прифаќање и оддавање на вредноста, т.е. интернализација на вредноста.

После интернализацијата на вредностите, ученикот ги организира или средува во систем на вредности, ги одредува врските и односите помеѓу нив и одредува која вредност ќе биде доминанатна. На ова ниво вредноста веќе има свое специфично место во хиерархијата на вредносниот систем на личноста на ученикот, постои конзистентен систем кој го менува и контролира однесувањето, може да се движи до создавање на специфичен филозофски поглед на светот што е многу важно за развојот на сликата за себе и емоционалниот вредносен аспект на личноста.

Според (Lipka et al., 1992), основни развојни задачи во периодот на премин од детство во адолесценција се овладување со средствата и правилата на дадена култура при што доаѓа до изградување на оригиналноста и личниот идентитет. Тука имаме четири субзадачи

- точност на себевреднувањето,
- координацијата на себепроценката,
- конзервација на селфот,
- одржување на нивото на себепочитување.

Когнитивните способности, формално логичкото мислење, повисокото ниво на интелектуални способности треба успешно да и помагаат на личноста во успешно барање на флексибилни животни цели и задачи и подобро себеприфаќање.

Од друга пак страна мотивацијата за адекватно и успешно користење на интелектуалните способности и мисловните операции за решавање на персонални, животни и сознајни проблеми зависи од себепочитувањето и себеприфаќањето.

За односот на особините на личноста и училишниот успех постојат бројни аргументи. Секоја од особините на личноста може да биде поврзана со училишниот успех, а секој од овие аргументи, меѓу другото, зависи од методот на мерење на индивидуалните конструкти и примероците на кои се спроведени истражувањата.

Во време на економска несигурност, намалена економска моќ, несигурна иднина, изразена агресивност и ниска толеранција, кога многу тешко се задоволуваат и основните потреби, мотивираноста за задоволување на мотивите кои се наоѓаат повисоко во хиерархијата на мотиви е се помала.

Овој проблем е сложен и многу важен затоа што дава слика за нашето средно образование кое патем кај нас во моментот е задолжително. Како резултат на тоа потребно е да се направат нови истражувања во оваа област во кои ќе бидат опфатени и другите фактори за да се види какво е нивното влијание и да се надминат недостатоците и ограничувањата на ова и на претходните истражувања.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Altaras -Dimitrievič, A. (2006). Darovitost iPodbacivanje. Pančevo: Mali Nemo; Beograd:Institut za psihologiju,Društvo psihologa Srbije;
2. Арнаудова, В. (1996). Поттикнување и развивање накреативното мислење со техники на дивергентна продукција.Објавена докторска дисертација. Скопје: Просветно делоBoyle, Gregory J. (2008), Critique of the five-factor model of personality. Humanities & Social Sciences papers. Paper 297;
3. Арнаудова, В.& Ачковска-Лешковска, Е. (2000). Надарено дете. Скопје: Филозофски Факултет.
4. Ачковска-Лешковска, Е. (2009). Надареност. Скопје: Филозофски Факултет;
5. Babarović, T., Burušić, J. & Šakić, M. (2010). Psihosocijalne i obrazovne odrednice školskog uspjeha učenika osnovnih škola: Dosezi dosadašnjih istraživanja. Suvremena psihologija. Vol.13 No.2;
6. Bandura, A. (1986). The social learning perspective: Mechanisms of aggression. Prospect Heights, IL: Waveland Press.Bandura, A. (1989). Social cognitive theory.Greenwich, CT: JAI Press.Bandura, A. (1997). Self-efficacy: The exercise of control. New York: Freeman.Bandura, A. (1997). The Exercise Self-efficacy:of control. NewYork: W.H. Freeman and Company;
7. Block, J. (1995). A contrarian view of the five-factor approach to personality description.Psychological Bulletin, 117, 2, 187 – 215 doi: 10.1037/0033-2909.117.2.187;
8. Bukvič, A. (1980). Merenje intelektualnih sposobnosti. Psiholoshka istrazivanja, 2. Institut za psihologiju: Beograd;
9. Виготски, Л. С. (1988). Генетички корени на мислењето и говорот. Книга прва, Скопје: Просветно дело;
10. Dević, I. (2015). Odrednice školskoga postignuća učenika: provjera modela školske kompetencije.Zagreb: Doktorski rad;
11. Eysenck, H. J. & Eysenck, M. W. (1985). Personality and individual differences: A natural science approach. New York: Plenum;
12. Zarevski, P. (2012). Struktura i priroda inteligencije (II. prošireno izdanje).Jastrebarsko: Naklada Slap;

13. Zarevski, P. & Matešić, K.(2009). Obrazovni sustav, inteligencija i bogatstvo nacija-recipročna uzorčnost?Suvremena psihologija, 12(1), 191-198;

14. Ivič, I. (1992). Teorije mentalnog razvoja I problem ishoda obrazovanja, Psihologija;

15. Havelka, N. (1990). Socijalnopsihološki aspekti uspeha učenika u osnovnoj školi. Publication:Nastavai vaspitanje, 39, 1-2, 37-56;

16. Havelka, N. &Lazarević, Lj. (1981). Sport i ličnost. Beograd: Sportska knjiga;

17. Лазароски, Ј. (1980). Основи на педагошката психологија. Скопје;

18. Максич, С. & Ѓуришиќ-Бојановиќ, М. (2004). Креативност, знање и школски успех.Београд: Институт за педагошки истраживања. БИБЛИД 0579-6431; 36 (2004) с.85-105 Београд;

19. Matešić, K. & Zarevski, P. (2008). Povezanost opće inteligencije i dimenzija ličnosti saškolskim postignućem: Metodika, 9, 260-270;

20. Милошева, Л. (2008). Развојна психологија и психопатологија. Авторизирана скрипта. Штип: Универзитет ,, Гоце Делчев,,;

21. Николоска,М (2002). Развојна психологија (детство). Скопје: УКИМ;

22. Николоски, Т. (1988). Основи на статистиката во психологијата. Скопје: НИО Студенстски збор;

23. Николоски, Т. (1996). Луѓето и занимањата. Скопје;

24. Николоски, Т. (2000). Психологија на трудот. Скопје;

25. Палекчиќ, М. (1985). Внатрешна мотивација и школско учење. Сараево: Завод за уџбенике и наставна средства;

26. Петрроска-Бешка,В.(1999). Анкетирање, што, зошто, кој, како. Скопје: Филозофски факултет;

27. Петроска-Бешка, В. (2011). Како се пишува извештај за спроведено емпириско истражување. Скопје: Филозофски Факултет;

28. Пијаже, Ж. (1988). Развој на интелигенцијата. Скопје: Просветно дело;

29. Попоски, К. и Арнаудова, В. (2010). Мотивација. Скопје: УКИМ, Филозофски факултет;

30. Рот, Н. (1983). Основи социјалне психологије. Београд: Звод за уџбенике и наставна средства;

31. Такашманова-Соколовска,Т.(1998). Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценција. Скопје: Графохартија;

32. Ќимова, Ѓ. (2019). Базична методологија на научно истражување. Свети Николе: МЦСП;

33. Хавелка, Н и Лазаревиќ, Љ. (1981). Личност и спорт. Београд: Спортска книга;

34. Центар за психодијагностичка средства (1979). Ајзенков инвентар на личноста. Љубљана: Завод СР Словенија за продуктивност дела.

35. Шкариќ, О. (2004). Развојна психологија. Скопје: Филозофски факултет;

Прилог 1. NEO PI-R

НЕО-ПИ-Р

Прашалникот се состои од 240 трвдења. Ве молиме внимателно да ја прочитате секоја реченица и да го заокружите одговорот кој најдоборо го изразува Вашето сложување или несложување со наведеното тврдење.

Заокружете 1 ако во потполност не се сложувате.

Заокружете 2 ако воглавно не се сложувате.

Заокружете 3 ако не можете да се одлучите или ако тврдењето е приближно подеднакво точно и неточно.

Заокружете 4 ако воглавно се сложувате

Заокружете 5 ако во потполност се сложувате.

Овде нема точни и неточни одговори. Потребно е да се опишете себе си искрено и е што е можно попрецизно. Одговорете на секое прашање. Водете сметка редниот број на одговорот да одговара на прашањето. Доколу погрешите само прецртајте го неважечкиот одговор и заокружете го исправниот. Кога ќе одговорите на сите прашања , Ве молиме одговорете ги и дополнителните прашања А, Б и Ц.

1. Не сум секирлива личност.

2. Навистина ги сакам повеќето луѓе кои ги сретнувам.

3. Имам многу жива фантазија.

4. Намерите на другите луѓе ги гледам сомничаво и цинично.

5. Познат сум по својата разборитост и здрав разум.

6. Често ме разбеснува начинот на кој луѓето постапуваат со мене.

7. Избегнувам гужва и поголема група на луѓе.

8. Не ми се многу важни убавината и уметноста.

9. Не сум препреден и лукав.

10. Повеќе сакам кон животот да пристапувам отворено, отколку однапред се да планирам.

11. Ретко се чувствувам осамено и тажно.

12. Јас сум надмоќен, силен и наметлив.

13. Без силни чувства животот би бил неинтересен.

14. Некои луѓе сметаат дека сум себичен и егоист.

15. Совесно се трудам да ги завршам сите задачи кои ми ги доделуваат.

16. Кога сум во друштво на други, секогаш се плашам да не испаднам несмасен.

17. Имам лежерен стил во работа и игра.

18.Имам доста стабилен начин на живеење.

19. Повеќе сакам да соработувам со другите, отколку да се натпреварувам со нив.

20. Јас сум едноставен и безгрижен.

21. Ретко претерувам во нешто.

22.Често посакувам возбудувања.

23.Често уживам да се занимавам со теории и апстрактни идеи.

24. Не ми е незгодно кога се фалам за своите способности и резултати.

25. Прилично ми успева да се организирам и да завршам работа на време.

26.Често се чувствувам беспомошно и потребен ми е некој да ги реши моите проблеми.

27. Никогаш не сум буквално скокал од радост.

28. Верувам дека допуштањето на студентите да слушаат контроверзни и нејасни идеи, може само да ги збуни и заведе.

29. Политичките водачи треба да бидат посвесни за хуманите страни на својата политика.

30. Во минатото направив многу глупости.

31. Лесно се плашам.

32. Не ми одговара многу, необавезно да разговарам со луѓето.

33.Се обидувам своите мисли да ги насочам во реалноста и да не се препуштам на фантазијата.

34.Верувам дека повеќето луѓе се добронамерни.

35.Граѓанските обврски, како што е гласањето, не ги сфаќам премногу озбилно.

36. Јас сум урамнотежена личност.

37. Сакам да сум опкружен со многу луѓе.

38. Понекогаш премногу се препуштам на музиката која ја слушам.

39. Ако е потребно, спремен сум да манипулуирам со луѓето за да го добијам она што ми треба.

40. Своите работи ги чувам чисто и уредно.

41. Понекогаш се чувствувам сосема безвредно.

42. Понекогаш не успевам во очите на другите да се докажам онолку колку што сакам.

43. Ретко имам силни чувства.

44. Се обидувам да бидам љубезен со секој што го сретнувам.

45. Понекогаш не сум доволно сигурен колку што би сакал.

46. Ретко сум свесен за самиот себе кога сум опкружен со луѓе.

47. Кога нешто работам, го работам енергично.

48. Мислам дека е интересно да се учат нови работи и да се развива ново хоби.

49. Кога е потребно можам да бидам остар и заедлив.

50. Имам многу јасни цели и доследно работам на нивно остварување.

51.Тешко можам да одолеам на своите желби.

52. Не сакам годишниот одмор да го поминам на места полни со бучни ноќни клубови и коцкарници.

53. Филозофските расправи мене ми се здодевни.

54. Недраго зборувам за себе и своите успеси.

55. Губам многу време пред да почнам нешто да работам.

56. Чувствувам дека можам да излезам на крај со повеќето мои проблеми.

57. Ми се случило понекогаш да почувствувам силно чувство на радост и занес.

58. Мислам дека законите и општествените правила мора да се менуваат според потребите на светот кој се менува.

59. Тврдоглав сум и непопустлив во своите ставови.

60. Добро размислувам пред да донесам одлука.

61. Ретко чувствувам страв или нелагодност.

62. Познат сум како срдечна и дружељубива личност.

63. Имам богата фантазија.

64. Верувам дека многу луѓе ке Ве искористат, ако за тоа им пружите прилика.

65. Се трудам да сум добро информиран и обично донесувам паметни одлуки.

66. Познат сум како темпераментна личност со врела крв.

67. Обично повеќе сакам работите да ги завршувам сам.

68. Модерниот балет и играње мене ми се здодевни.

69. Не би можел никого да измамам, дури и кога би сакал.

70. Не сум многу уредна личност.

71. Ретко сум тажен или потиштен.

72. Често сум бил водач на групата на која сум припаѓал.

73. Важно ми е како се чувствувам во врска со нешто.

74. Некои луѓе ме сметаат за ладен и пресметан.

75. Долговите ги враќам во целост и на време.

76. Понекогаш сум чувствувал таков срам, па сум сакал само да се сокријам.

77. Кога работам тоа е споро ама постојано.

78. Кога еднаш ке го најдам вистинскиот начин да направам нешто, се држам до тоа.

79. Се колебам да го покажам својот бес дури и кога е оправдан.

80. Кога ке одлучам да се поправам во нешто, обично попуштам после неколу дена.

81. Добро одолевам на иакушенија.

82. Понекогаш сум работел нешто само поради забава или возбуда.

83. Сакам да решавам проблеми или загонетки.

84.Знам дека сум подобар од повеќето луѓе.

85. Јас сум продуктивна личност која секогаш ја извршува својата работа.

86. Кога сум под голем стрес, понекогаш чувствувам дека ќе се распаднам.

87. Не сум весел оптимист.

88. Верувам дека за моралните обврски треба да се обратиме на црковната власт.

89. Никогаш не можеме да направиме премногу за старите и сиромашните.

90. Повремено прво нешто ќе направам, па потоа ке размислам.

91.Често сум напнат и вознемирен.

92. Многу луѓе ме сметаат за помалку ладен и резервиран.

93. Не сакам да губам време на фантазирање.

94. Мислам дека повеќето луѓе со кои доаѓам во контакт се чесни и вредни за почит.

95. Често влегувам во ситуации за кои не сум сосема припремен.

96. Не ме сметаат за чувствителен ни избувлив човек.

97. Навистина чувствувам потреба за други луѓе, ако сум долго време сам.

98. Ме привлекуваат облици кои ги наоѓам во природата и уметноста.

99. Потполна искреност не е добар начин за водење бизнис.

100. Сакам рабоите да ги држам на свое место за да знам каде се.

101. Понекогаш сум имал силно чувство на вина и грешност.

102. Во друштво обично ги пуштам другите да зборуваат.

103. Ретко обрнувам внимание на тоа како се чувствувам во даден момент.

104. Воглавно се обидувам да бидам внимателен и обзирен кон другите луѓе.

105. Понекогаш мамам кога играм карти.

106. Не ми пречи премногу кога луѓето ме закачаат или ми се потсмеваат.

107. Често се чувствувам како да пукам од сила.

108. Често пробувам некоја нова или странска храна.

109. Ако некој не ми се допаѓа, му ставам до знаење.

110. Работам напорно за да ги остварам своите цели.

111. Кога ке го добијам моето омилено јадење, се случува да се прејадам.

112. Избегнувам шокантни и застрашувачки филмови.

113. Понекогаш ме нервира кога луѓето зборуваат за апстрактни и теоретски работи.

114. Се обидувам да бидам скромен.

115.Тешко ми е да се натреам да работам тоа што би требало.

116. Во опасни ситуации успевам да ја сочувам ладнокрвноста.

117. Понекогаш сум просто пијан од среќа.

118. Верувам дека поинакви идеи во други општества за тоа што е добро или лошо, може за нив да бидат исправни.

119. Немам сочувство за оние што просат.

120. Секогаш рамислувам за последиците пред нешто да почнам да работам.

121. Ретко сум загрижен за иднината.

122. Навистина сакам да разговарам со луѓето.

123.Уживам да се препуштам на фантазија и мечтаење, испитувајки ги сите можности и дозволувајки и потполно да се развие.

124. Сомничав сум кога некој ќе ми направи нешто добро.

125. Се гордеам со својот здрав разум.

126. Често ми е мака од луѓето со кои имам работа.

127. Повеќе ми се допаѓаат работи кои можам да ги завршам сам, без мешање на други луѓе.

128. Поезијата има малку, или воопшто нема влијание врз мене.

129. Не би сакал да ме сметаат за лицемер и дволичен.

130.Секогаш имам проблем да се организирам.

131.Склон сум кон тоа да се обвинувам себе си кога нешто не оди како што треба.

132. Луѓето често ми се обраќаат кога треба да се донесе некоја одлука.

133. Моите чувства се богати и разновидни.

134. Не ме сметаат за дарежлива личност.

135. Кога ке превземам некоја обврска луѓето може да сметаат дека ке ја исполнам.

136. Често се чувствувам помалку вреден од другите.

137. Не сум толку брз и разигран како другите.

138. Најмногу сакам да го поминувам своето време во позната средина.

139. Кога ке ме навредат се обидувам тоа да го простам и заборавам.

140.Не чувствувам дека нешто ме покренува за да напредувам.

141. Ретко се препуштам на своите импулси.

142. Сакам да бидам таму каде што се случува нешто.

143. Сакам да се занимавам со" претешки" загонетки.

144. Имам многу високо мислење за себе.

145. Кога еднаш ќе започнам некој проект, секогаш го завршувам.

146. Често ми е тешко да донесам некоја одлука.

147. Не мислам за себе дека сум особено безгрижна личност.

148.Мислам дека верноста кон сопствените принципи и идеали е поважна отколку отвореност кон други мислења.

149. Човековите потреби би требало да бидат по важни од економските причини.

150. Често правам некои работи спрема моменталното расположение.

151. Често се грижам за работи кои би можеле да тргнат на лошо.

152. Лесно ми е да бидам насмеан и отворен со непознати.

153. Ако почувствувам дека почнувам да фантазирам, обично земам нешто да работам и да концентрирам на работата или на некоја активност.

154. Мојата прва реакција е доверба во луѓето.

155. Изгледа дека не сум успешен во ништо.

156. Потребно ми е многу за да се разлутам.

157. Повеќе би го поминал одморот на некоја плажа каде што има многу народ ,одколку во излолирана куќичка во шума.

158. Одредени видови музика бескрајно ме привлекуваат.

159. Понекогаш измамувам некого за да го наведам да направи она што го сакам.

160. Понекогаш сум пребирлив и захтевен.

161. Имам лошо мислење за себе.

162. Повеќе сакам да бидам сам свој газда отколку да бидам водач на други.

163. Ретко приметувам расположенија и чувства.

164. Повеќето од луѓето кои ги знам, ме сакаат.

165. Често се придржувам кон моите морални принципи.

166. Се чувствувам удобно во друштво на моите шефови и авторитети.

167. Обично изгледам како да сум на брзање.

168.Често правам некои промени во мојот дом само за да пробам нешто различно.

169. Ако некој би започнал тепачка, би бил спремен веднаш да му возвратам.

170. Се обидувам да постигнам се она што можам.

171. Понекогаш се "јадам жив" од грижи.

172. Го сакам возбудувањето кое го пружа брзото возење на тобогани во забвен парк.

173. Не ме интересираат размислувања за природата на вселената или за човековата судбина.

174. Чувствувам дека не сум подобар од другите , без обзир на тоа во каква состојба се наоѓаат.

175. Кога некој план ќе ми се покаже како претежок, склон сум кон тоа да започнам нов.

176. Во кризни ситуации можам прилично добро да владеам со себе.

177. Јас сум весела, добро расположена особа.

178. Мислам дека сум човек со отворен дух и толерантен спрема начинот на живот на другите луѓе.

179. Верувам дека сите луѓе заслужуваат почитување.

180. Ретко носам одлуки на брзина.

181. Имам помалку стравови отколку повеќето луѓе.

182. Многу сум емотивно поврзан со моите пријатели.

183. Како дете ретко сум уживал во игрите каде што требало нешто да се замислува.

184. Склон сум кон тоа луѓето да ги гледам во најдобро светло.

185. Јас сум многу способна личност.

186. Повремено се чувствувам горчливо и повредено.

187. Друштвените собирања обично ми се здодевни.

188. Понекогаш кога читам поезија или гледам некое уметничко дело, ми се случува да почувствувам бран на возбудување.

189. Понекогаш ги наведувам луѓето да го прават она што јас сакам.

190. Не сум оптоварен со постојана грижа за чистотата.

191. Понекогаш се ми се чини бедно и безнадежно.

192. Во тек на разговор тежнеам јас најмногу да зборувам.

193. Лесно се соживувам со чувствата на другите луѓе.

194. Себе си се гледам како сочувствителна личност.

195. Се трудам своите обврски да ги извршам темелно, за да не морам повторно да ги извршувам.

196. Ако на некој сум му рекол или направил нешто лошо, едвај можам да поднесам да се соочам со него.

197. Живеам брзо.

198. Кога одам на одмор, сакам да се вратам на веќе познати места.

199. Тврдоглав сум и упорен.

200. Тежнеам кон совршенство во се што работам.

201. Понекогаш нешто ке направам без размислување, па потоа се каам.

202. Ме привлекуваат силни бои и блескав стил.

203. Имам многу љубопитен дух.

204. Повеќе сакам да пофалувам други, отколку да бидам пофалуван.

205.Има толку многу ситни обврски кои мора да се направат, што понекогаш едноставно се занемарувам.

206. Способен сум да донесувам добри одлуки, дури и кога се изгледа дека оди лошо.

207.Ретко ги користам зборовите супер и одлично за да го опишам она што го чувствувам.

208. Сметам дека ако човекот не знае во што да верува, а има веќе 25 години, тогаш со него сигурно нешто не е во ред.

209. Чувствувам симпатија за оние кои се помалку среќни од мене.

210. Кога одам на пат, внимателно се планирам однадред.

211. Понекогаш ми паѓаат на памет застрашувачки мисли.

212. Се интересирам за луѓето со кои што работам.

213. Би имал проблеми кога би пуштил мислите слободно да ми лутаат без правец и контрола.

214. Доста верувам во човековата природа.

215. Ефикасен сум на работа.

216. Дури и мали препреки може да ме изнервираат.

217. Уживам во забави каде има многу луѓе.

218. Уживам да читам поезија во која преовалдуваат чувствата и фантазијата повеќе отколку само опис на работите и дејствијата.

219. Се гордеам со остроумноста со која постапувам со луѓето.

220. Трошам многу време за барање на работите кои сум ги затурил некаде.

221. Кога работите ке трганат на лошо, многу често се чувствувам обесхрабрено и сакам да се предадам.

222. Не ми е лесно да превземам одговорност за некоја ситуација.

223. Чудни работи, како што се некои мириси или имиња на далечни места, можат во мене да предизвикаат силни чувства.

224. Навистини се трудам д а им помогнам на другите, ако можам.

225. Не одам на работа само ако навитина се разболам.

226. Кога луѓето кои ги познавам прават глупости, јас се чувствувам глупаво поради нив.

227. Јас сум многу активна личност.

228. Кога одам некаде, секогаш одам по истиот пат.

229.Често се расправам со членовите на семејството и со колегите од работа.

230. Јас претерувам со работата.

231. Секогаш сум во можност да владеам со своите чувстава.

232. Сакам да бидем дел од масата која присуствува на спортски случувања.

233. Имам многу широк круг на интересирања.

234. Јас сум надмоќна особа.

235. Многу сум дисциплиниран.

236. Прилично сум емотивно урамнотежен.

237. Лесно се смејам.

238. Верувам дека попустливот по прашања за моралот, всушност се неморал.

239. Повеќе сакам да ме сметаат за милостлив отколку за праведен.

240. Два пати размилсувам пред да одговорам на некое прашање.

МОП

Презиме и име _____ Одд. _____ Пол: М – Ж
Училиште _____

На овие страници ќе најдете одреден број прашања. Кај секое прашање има по неколку понудени одговори. Вие треба да ја заокружите буквата кај оној понуден одговор којшто најдобро го опишува вашето однесување или којшто најдобро го изразува она што го чувствувате.

На пример

Сметам дека долгото гледање на телевизиската програма е:

а) многу пријатно
б) пријатно
в) непријатно
г) многу непријатно

Ако сметате дека е многу пријатно, тогаш заокружете ја буквата „а" пред одговорот „многу пријатно".

Но, ако сметате дека е пријатно, или ако сметате дека е непријатно или пак многу непријатно, заокружете ја онаа буква пред одговорот што ќе го изберете.

Настојувајте веднаш да дадете одговор на секое прашање за да потрошите колку е можно помалку време. Нема потреба долго да размислувате ни за едно прашање бидејќи овде се бара вашиот прв впечаток.

Некои лица добиваат впечаток дека многу прашања овде се многу слични. Сепак, секое прашање претставува посебна, од останатите различна ситуација. Најдобро е да мислите секогаш само на она прашање на кое треба да дадете одговор.

Ве молиме, на прашањата да одговарате по ред и да настојувате да работите колку е можно побрзо.

---

1. Кога размислувам за својата иднина најчесто
   а) мислам многу далеку напред
   б) мислам далеку напред
   в) не мислам далеку напред
   г) не сакам да мислам за напред

2. Напорното учење во училиште
   а) ми е непријатно
   б) не го сакам толку многу
   в) не ми причинува тешкотија

3. Ако нешто започнам
   а) ретко успешно го завршувам
   б) често успешно го завршувам
   в) најчесто успешно го завршувам
   г) секогаш успешно го завршувам

4. Кога ќе се најдам во тешка ситуација се чувствувам
   а) многу несигурно
   б) несигурно
   в) сигурно

5. Кога треба да одговарам за завршна оценка и кога сум загрижен поради тоа
   а) полесно се концентрирам на учењето отколку обично
   б) потешко се концентрирам на учењето отколку обично

6. За време на некој решавачки испит или важен тест помислата дека, можеби, лошо ќе поминам, обично
   а) постојано ме опседнува
   б) повремено ме опседнува
   в) не ме опседнува

7. Кога морам да излезам пред одделение или да зборувам на некој собир
   а) често добивам чукање на срцето
   б) ретко добивам чукање на срцето
   в) никогаш не добивам чукање на срцето

8. Кога ќе се сетам на ситуации од минатото во кои сум се плашел дека ќе погрешам, најчесто се покажува дека тој страв делувал
   а) секогаш само штетно
   б) повеќе штетно отколку корисно
   в) повеќе корисно отколку штетно
   г) секогаш корисно

9. Обично работам
   а) повеќе отколку што сум предвидел
   б) колку што сум предвидел
   в) нешто помалку отколку што сум предвидел

10. Животот во кој не би требало ништо да се работи го сметам
    а) пријатен
    б) непријатен
    в) многу непријатен

11. Што мислат другите за моите постигнувања сметам дека е
    а) мошне важно
    б) важно
    в) малку важно
    г) неважно

12. Кога работам, барањата кои си ги поставувам со тек на време се:
    а) сé поголеми
    б) секогаш исти
    в) сé поскромни

13. Ако се запрашам, дали тремата неповолно влијае на мојот успех, морам да кажам дека
    а) влијае многу неповолно
    б) влијае прилично неповолно
    в) не влијае неповолно

14. Штом забележам дека времето брзо одминува
    а) учам подобро отколку обично
    б) учам нешто малку подобро отколку обично
    в) учам нешто послабо отколку обично
    г) учам послабо отколку обично

15. Ако, работејќи некоја важна работа, чие времетраење е ограничено, забележам дека не можам да ја завршам навреме
    а) концентрацијата ми опаѓа во голема мера
    б) сето преостанато време работам со полна концентрација

16. Да започнам со работа ме чини
    а) прилично многу труд
    б) не така многу труд
    в) ни малку труд

17. Ако однапред знам дека ќе бидам испитуван со тест на интелигенци-јата, се чувствувам
    а) сосема мирно
    б) прилично мирно
    в) напнато
    г) многу нервозно

18. На своите домашни задачи им посветувам
    а) сосема малку време
    б) малку време
    в) многу време

19. Кога очекувам некоја критична систуација збунет се чувствувам
    а) многу ретко
    б) ретко
    в) често
    г) многу често

20. Обично сум
    а) силно ориентиран на иднината
    б) не така силно ориентиран на иднината
    в) малку ориентиран на иднината

21. Учењето во сабота и недела
    а) ми е тешко
    б) ми е лесно

22. Кога се наоѓам пред самиот испит тогаш сум
    а) обично многу нервозен
    б) нервозен
    в) малку повеќе напнат отколку обично

23. Ако се запрашам дали сум нервозен, морам да кажам дека
    а) сум често навистина нервозен
    б) не сум често нервозен

24. Во училиште или на работа сметаат дека сум
    а) трудољубив
    б) не секогаш трудољубив
    в) прилично безгрижен

25. Повеќе луѓе стануваат напнати при решавање на тестот на интелиген-цијата. Јас мислам дека таа напнатост моите резултати на тој тест
    а) пред сé ги подобрува
    б) пред сé ги влошува

26. Кога се наоѓам пред важна задача, во која успехот зависи првенствено од моето знаење и концентрираност, се чувствувам
    а) многу вознемирен
    б) прилично вознемирен
    в) прилично мирен
    г) сосема мирен

27. Други забележуваат дека јас
    а) премногу работам
    б) многу работам
    в) прилично многу работам
    г) не работам така многу

28. Ако не сум ја постигнал целта и не сум ја исполнил добро задачата, тогаш
    а) до максимум се залагам тоа, сепак, да го постигам
    б) се обидувам за тоа на некој друг начин
    в) тешко успевам да не се обесхрабрам

29. Додека учам или проучувам некој проблем
    а) мислите понекогаш ми заскитуваат
    б) малку што може да ми пречи
    в) работам во еден здив

30. Спрема луѓето кои постигнале голем успех во својата дејност, имам
    а) преголемо восхитување
    б) големо восхитување
    в) умерено восхитување
    г) мало восхитување

31. Кога неочекувано ќе се најдам пред нешто што е важно, се чувствувам
    а) многу несигурно
    б) несигурно
    в) мирно како и обично

32. Со подготовката за извршување на задача која ја сметам важна, значително понапред започнувам
    а) секогаш
    б) често
    в) ретко
    г) никогаш

33. Чувството на напнатост кое се јавува непосредно пред испит или некоја важна средба, сметам дека е
    а) многу корисно
    б) корисно
    в) штетно
    г) мошне штетно

34. Во училиште, кога ненадејно ќе започне испитување
    а) главно останувам мирен
    б) ме фаќа паника

35. Додека наставникот предава
    а) обично добро внимавам што зборува
    б) понекогаш ми е тешко да го одржам вниманието
    в) често се случува мислите да ми залутаат

36. Кога чувствувам мала напнатост и страв
    а) послабо мислам отколку нормално
    б) еднакво добро мислам како и нормално
    в) подобро мислам отколку нормално

37. Барањата кои си ги поставувам во поглед на учењето или за некоја друга важна работа се
   а) многу високи
   б) високи
   в) прилично високи
   г) ниски

38. Јас мислам дека, ако чувствувам малку страв за време на испитот, моето помнење е
   а) подобро отколку обично
   б) нешто малку подобро отколку обично
   в) нешто малку послабо отколку обично
   г) послабо отколку обично

39. Се досадувам
   а) често
   б) ретко
   в) никогаш

40. Во критични ситуации моите постигнувања
   а) напредуваат
   б) назадуваат
   в) многу назадуваат

41. Ако работам нешто тешко
   а) понекогаш се откажувам
   б) го одложувам, но повторно пак продолжувам
   в) најчесто истрајувам

42. Лесното чувство на страв за моите резулати
   а) никогаш не влијае поволно
   б) ретко влијае поволно
   в) често влијае поволно
   г) секогаш влијае поволно

43. Ако сум малку напнат, обично постигнувам
   а) помалку добри резултати
   б) добри резултати
   в) подобри резултати

44. Ако нешто ме доведе во состојба на напнатост, сé што работам
   а) работам многу послабо отколку обично
   б) работам нешто послабо отколку обично
   в) работам нешто подобро отколку обично
   г) работам многу подобро отколку обично

45. Ако почнам да работам некоја тешка задача, можам да прекинам со работа
   а) лесно
   б) не секогаш така лесно
   в) тешко
   г) многу тешко

46. Кога знам дека другите се љубопитни за моите резултати, најчесто работам
   а) знатно полошо отколку обично
   б) полошо отколку обично
   в) исто така добро како и обично
   г) подобро отколку обично

47. По завршување на тешка работа или задача во која успехот бил неизвесен
   а) чувствувам дека ми е неопходно чесно да се одморам
   б) со оптимизам гледам на понатамошната работа

48. Во критични ситуации грешки ми се случуваат
   а) ретко
   б) прилично често
   в) често

49. Како раководител во голема работна организација човек често е зафатен и преоптоварен со обврски. Такво место
   а) би сакал
   б) не би го прифатил лесно
   в) решително би го одбил

50. Работата за мене е
   а) нешто со што само се занимавам од време на време
   б) нешто со што со задоволство се занимавам, но сепак често ме чини труд
   в) нешто со што секогаш навистина со задоволство се занимавам

51. Обично сум
   а) многу зафатен со работа
   б) средно зафатен со работа
   в) многу зафатен со работа

52. Ако во училиште ме очекувал некој важен тест, пред тоа сум јадел
   а) исто како обично
   б) нешто помалку отколку обично
   в) многу помалку отколку обично

53. Знам од искуство дека, ако успехот во некоја активност ми е подолго време неизвесна, тоа
   а) често ми штети
   б) некогаш ми штети
   в) некогаш ми помага
   г) често ми помага

54. Идеалот да се стигне далеку во општеството сметам дека
   а) не е особено важен
   б) е прилично важен
   в) е важен